Јована Ѓорѓиовска
Александра Живковиќ
Мартина Илиевска

Крпен студентски живот

Истражување за животниот стандард на станарите во Државниот студентски дом „Скопје“

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ YOUTH EDUCATIONAL FORUM

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Јована Ѓорѓиовска Александра Живковиќ Мартина Илиевска

Крпен студентски живот

Истражување за животниот стандард на станарите
во Државниот студентски дом „Скопје"

Издавач:
Здружение на граѓани Младински образовен форум
Ул. Дренак 34а, 1000 Скопје
Тел: +389 2 31 39 692
www.mof.mk
info@mof.mk

За издавачот:
Димитар Низамовски, извршен директор

Авторки:
Јована Ѓорѓиовска
Александра Живковиќ
Мартина Илиевска

Лектор:
Дениз Тесторидес

Графичко уредување:
Студио Игор Делов

Година на издавање:
2019

Истражувањето и оваа публикација се дел од проектот: „Студентски домови без корупција" кој е овозможен со финансиска поддршка на Програмата за поддршка на високото образование на Фондациите Отворено општество, преку Фондацијата Отворено општество- Македонија. Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

Содржина

За Младински образовен форум 7

Програма за истражување, анализа и креирање на младински и образовни политики 8

За проектот: Студентски домови без корупција 9

Вовед 13

Државен студентски дом „Скопје" 15

Методологија 19

Методологија на анализата на правна рамка и стратешки документи 19

Методологија на теренското анкетирање 21

Анализа на правна рамка и стратешки документи 24

Резултати од теренско анкетирање 38

Дискусија 61

Заклучок 67

Користена литература 70

Придонес на авторките

Сите авторки учествуваа во првичната разработка на концептот за овој истражувачки труд, изработката на првата верзија на прашалникот користен при теренското анкетирање и пишувањето на првите нацрти на трудот, како и на листата препораки дадени на крајот од документот.

Јована Ѓорѓиовска ја изготви финалната верзија на користениот прашалник, ги направи статистичките анализи на податоците и нивната интерпретација, а ги напиша и првите нацрти на поглавјата „Резиме на истражувањето“, „Методологија на теренското анкетирање“, „Истражувачка етика“, „Методолошки ограничувања на анкетирањето“, „Резултати од теренско анкетирање“, „Дискусија“ и „Заклучок“.

Александра Живковиќ, со придонес од Мартина Илиевска, ја осмисли методологијата за анализата на правните акти и стратешки документи, при што ги изготви прашањата за слободен пристап до информации од јавен карактер и ги анализираше добиените договори. Александра Живковиќ ги напиша првите нацрти на поглавјата „Методологија на анализата на правните акти“, „Методолошки ограничувања на анализата“ и „Анализа на правна рамка и стратешки документи“.

Мартина Илиевска, со придонес од Јована Ѓорѓиовска и Александра Живковиќ, го координираше прибирањето податоци од теренското анкетирање и барањата за информации од јавен карактер, а ги напиша и првите нацрти од поглавјата „Вовед“, „Основни податоци за Државен студентски дом „Скопје“ и „Препораки“ .

Сите авторки учествуваа во ревизијата на првите нацрти на трудот, по што Јована Ѓорѓиовска го направи финалното содржинско уредување на публикацијата, додека Мартина Илиевска го направи графичкото форматирање.

Online архива на документи користени за истражувањето е достапна на следниот линк: http://bit.ly/2ITYS5S

За Младински образовен форум

Младински образовен форум е младинска заедница која создава простор за дебата, слободно изразување и младинско организирање, охрабрува активизам, ги штити и унапредува младинските права и политики. МОФ ги остварува своите цели преку информирање, едукација, дискусија, соработка и преку мотивирање и поддршка на младите.

МОФ е основан во 1999 година, а е активен на национално ниво, спроведувајќи ги своите програмски активности во повеќе градови во Северна Македонија преку МОФ центрите во: Скопје, Тетово, Струга, Битола, Велес, Куманово, Прилеп како и во други градови. Во младинските клубови на МОФ на годишно ниво членуваат повеќе од 1000 корисници, кои се активни во програмските области: Дебата, Учиме право и Медиа/Арт. Активностите на организацијата се реализираат преку четири програми: Дебатна програма, Учиме право програма, Програма за истражување, анализа и креирање младински и образовни политики и Програма за младински активизам. Во рамките на организацијата функционира и првото младинско интернет радио во Северна Македонија, Радио МОФ.

Визијата на МОФ гласи: Северна Македонија е интегрирано општество во кое постои развиена критичка мисла, слобода на изразување и квалитетно образование кое гради активни граѓани. Младите во Северна Македонија се суштински вклучени во одлучување и спроведување политики и се лидери во промоција на аргументирана дискусија и во почитување на човековите права и слободи.

Програма за истражување, анализа и креирање на младински и образовни политики

Програмата за истражување, анализа и креирање на младински и образовни политики има за приоритет да дејствува врз зголемување на влијанието на младите во креирање и спроведување на образовни политики на локално и национално ниво, да креира инклузивни младински политики и да гради капацитети за учество на младите во одлучувањето.

Овие цели членството во програмата ги реализира преку низа активности како: спроведување на истражувања и изготвување анализи и учество на национални и интернационални настани за промовирање на младински политики (Transparent Educational Forum, Денови на младинско вмрежување, Станица: Студентска). Значаен дел при остварување на целите на програмата се и менаџирање со младински коалиции и членство во национални и меѓународни мрежи.

Меѓу позначајните успеси на програмата се вбројуваат: консултации за промени на Законот за високо образование усвоен во 2018 година, првата правна анализа на студентското организирање во Северна Македонија, учество во воспоставување на Регионалната канцеларија за младинска соработка за Западен Балкан (RYCO), законодавна иницијатива за вклучување на средношколското организирање во Законот за средно образование, Закон за младинско учество и младински политики, мониторинг на работата на Агенцијата за млади и спорт, основање на 12 локални младински совети, изготвување на анализа и петиција со 26.000 потписи за повлекување на екстерното тестирање во средните училишта, сместување на волонтери во државни институции и спроведување на Законот за волонтирање; изготвување на Етички кодекс за студенти и професори во соработка со Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово; повлекување од собраниска процедура на Законот за млади по иницијатива на 50-ина младински организации; учество при изготвување на годишната програма на Државната комисија за спречување на корупција во секторот Образование; соработка со УКИМ преку отворање на Правна клиника за слободен пристап до информации од јавен карактер, Првата анализа на студентско организирање во Република Северна Македонија, анализа за студентските трошоци и сл.

За проектот: Студентски домови без корупција

Анализата е дел од активностите на проектот „Студентски домови без корупција“, кој е спроведуван во периодот од август 2018 до јули 2019 година. Проектот е поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Главна цел на проектот е поттикнување на институциите на потранспарентно и поодговорно управување со студентските домови. Тој вклучува истражување за јавните набавки и перцепциите, искуствата и ставовите на студентите за животниот стандард, студентското учество во процесите на носење одлуки и корупција во студентските домови, како и реализирање активности за зајакнување на капацитетите на студентите и нивно активно вклучување во иницијативи за подобрување на студентскиот стандард и условите во студентските домови.

Институционалната проактивност за промени во последниот период создава простор за отворање на прашањата за студентскиот стандард и корупцијата во студентските домови. Особено важно е да се нагласи дека нискиот студентски стандард и корупцијата во студентските домови се проблеми кои постојат одамна, а на чие решавање не се работи.Целта на овој проект е да се добие јасна слика за функционирањето на студентските домови, но истовремено и да се поттикнат студентите да направат промена за подобрување на квалитетот на живот каде што домуваат. Домовите, кои се вклучени во овој проект, функционираат во рамките на Државен студентски дом „Скопје“ и тоа: „Стив Наумов“, „Гоце Делчев“ и „Кузман Јосифовски Питу“.

Листа на кратенки

- **АМС**
  Агенција за млади и спорт
- **ДСД „Скопје"**
  Државен студентски дом „Скопје"
- **ДСЦ „Скопје"**
  Државен студентски центар „Скопје"
- **МОН**
  Министерство за образование и наука
- **МОФ**
  Младински образовен форум
- **СПУКМ**
  Студентски парламент при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
- **УКИМ**
  Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

Резиме на истражувањето

Методологија: Истражувањето се потпира на две компоненти: а) анализа на правна рамка и стратешки документи поврзани со работата на ДСД „Скопје“ и б) теренско анкетирање на случајно избран примерок студенти – станари во ДСД „Скопје“ (n = 300).

Квалитет на живот во домовите: Според испитаниците, просечната оцена за генералниот квалитет на живот во студентските домови, на скала од 1 до 5, е 2,93. Лошите услови за живот во студентските домови, недостатокот на средства и простории за учење и недостатокот на спортски и културни активности се издвојуваат како главни полиња од интерес за студентите-станари. Високото ниво на свесност на управните органи на домовите за сериозните проблеми со кои се соочуваат е воочливо во стратешките документи за работа на домовите. Сепак, во нив изостануваат акциски планови и операционализирани критериуми за редовна евалуација на состојбата во домовите.

Студентско учество во домовите: 92 % од испитаниците никогаш не учествувале во носењето одлуки во домовите, а како причини за ова најчесто ги посочуваат: недостаток на време, неинформираност за механизмите на учество и немањето верба дека би можеле нешто да променат. Повеќе од 70 % од испитаниците имаат ниски основни познавања за управните органи кои функционираат во рамки на државните студентски домови. Според добиените документи, основните услови за учество на студентите во носењето одлуки се законски задоволени. Сепак, поради недостаток на информации од ДСД „Скопје“, студентските парламенти и досегашните претставници на студентите-станари во управните органи на домовите не може да се оцени нивната работа, ниту пак ефектот кој го имале врз студентското учество и животниот стандард во домовите.

Корупција во домовите: 40 % од испитаниците забележале корупција во студентските домови. Повеќе од 33 % од испитаниците имале лично искуство со некоја од истражуваните коруптивни појави и/или познаваат некој кому му се случиле. Повеќе од 70 % од испитаниците не би учествувале во истражуваните коруптивни дејствија и би им пречело доколку други луѓе учествуваат во нив. 89 % од испитаниците не знаат каде би можеле да пријават корупција, а дури 53 % од испитаниците не би пријавиле кај надлежните органи минимум за една од истражуваните коруптивни појави. Правните акти од областа на студентскиот стандард и документите кои ја уредуваат работата на домовите не нудат одредби за спречување или забрана на коруптивни дејствија. Поради тоа, студентите кои искусуваат корупција

треба да ги консултираат општите законски решенија. Дополнително, иако постојат индикации дека во домовите биле забележани коруптивни дејствија за чие адресирање управата одлучила да преземе мерки, не постојат информации за конкретни активности во полето на корупција во стратешките документи на домот.

Вовед

Студентите во Република Северна Македонија живеат во студентски домови кои имаат супстандардни услови за живот и низа инфраструктурни, финансиски и програмски проблеми, но за многумина студенти домовите се единствена опција за живеење додека студираат надвор од родниот град. Студентските домови се установи чија примарна цел е остварување на интересите и потребите за престој на студентите кои студираат надвор од местото на живеење. Студентскиот дом на студентите треба да им обезбеди сместување, исхрана, грижа за здравјето, културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности. Сепак, студентските домови на своите станари им овозможуваат само сместување и исхрана, што е под минималниот студентски стандард, односно ги задоволуваат само основните потреби на студентите.

Во годините наназад, секојдневието на станарите во домовите е исполнето со низа проблеми поврзани со лошите услови за живеење. Така, во периодот меѓу 2002 и 2015 година биле пријавени 4 пожари, паднат таван, откачен лифт и поплава во некои од единиците во рамки на ДСД „Скопје“ (Студентски пленум, 2015). Во 2019 година, студенти пријавија срушен плафон во тоалетите во еден од домовите (Радио МОФ, 2019). Исто така, во повеќе наврати беше изнесено во јавноста дека храната што ја добиваат станарите во државните студентски домови во Скопје е во мала количина и со лош квалитет (Фактор, 2016; Факултети.мк, 2018).

Како одговор на состојбите, во 2014 година се појави движењето ’Операција: Студентски дом‘ кое известуваше за случувањата во еден од домовите. Оваа иницијатива предизвика светски реакции преку објавување фотографии од внатрешноста на домот „Гоце Делчев“. По ова беше започнато со реновирање на еден од четирите блокови на домот. По 2014 година, се забележува раст на финансиите кои ги одделува Владата за студентскиот стандард, вклучувајќи ги и расходите за изградба и реновирање на студентските домови.

Во изминатите години има недостаток на релевантни истражувања и анализи за состојбата во домовите по повеќе прашања поврзани со домувањето во студентски дом. Јавно достапните документи за дефинирање на работата на државните студентски домови се во мал број, што исто така укажува на потребата за реална проценка на состојбите. Дополнително, во последните години не беа воспоставени основните механизми за студентско учество во процесите на носење одлуки кои директно ги засегаат станарите во домовите, иако, според правните документи, беа задоволени сите законски услови за формирање на совети на станари. Поради ваквата ситуација, студентите-станари немаат канал

преку кој би можеле да го канализираат своето мислење и да направат промена во однос на проблемите со кои се соочуваат.

Основниот мотив што ја иницираше изработката на оваа анализа е потребата од длабинско разбирање на функционирањето на студентските домови и животот на студентите-станари во нив. Целта е да се добие појасна слика за состојбите, која понатаму ќе служи за креирање на соодветни политики. Преку оваа анализа целиме кон унапредување на положбата на една категорија на студенти кои често живеат во супстандардни услови. Предмет на оваа анализа се студентските домови кои се под Државен студентски дом „Скопје“ – правното лице што ги обединува најголемите студентски домови во Скопје. Станува збор за четири организациони единици: Студентски дом „Кузман Јосифовски Питу“ - Скопје; Студентски дом „Гоце Делчев“ – Скопје; Студентски дом „Невена Ѓеорѓиева Дуња“ – Скопје и Студентска населба „Стив Наумов“ – Скопје, во кои годишно се сместуваат над 2500 студенти.

Главните цели на истражувањето се: да се идентификува положбата на Државниот студентски дом „Скопје“ во рамките на институционалната поставеност и да се документираат перцепцијата, искуствата и ставовите на студентите – станари во студентските домови при ДСД, за три важни аспекти: животниот стандард, студентското учество во процесите на носење одлуки и корупцијата во студентските домови.

Државен студентски дом „Скопје“

На територијата на Северна Македонија (во градовите Скопје, Битола, Охрид, Прилеп и Штип) постојат 11 студентски домови кои имаат вкупен сместувачки капацитет од 5154 студентски легла[1]. Од нив, најголем сместувачки капацитет (речиси половина од вкупниот број студентски легла во државата) има Државниот студентски дом „Скопје“, кој е правен следбеник на студентскиот дом основан со Решение бр. 1275/52 од 01.12.1952 од страна на Владата на Република Северна Македонија. Од своето основање, во текот на студиската година Државниот студентски дом – Скопје претставува дом на повеќе од 2500 студенти (просечно во годините од 2014 до 2019 има **2668 станари во домовите**). Поради ова, оваа анализа го дефинира ДСД „Скопје“ како предмет на испитување.

Детален преглед на бројот на студенти во секој од домовите во рамки на ДСД „Скопје“ во периодот помеѓу 2014 и 2019 година е даден во график 1.



График 1: Визуелен преглед на бројот на студенти станари во домовите во рамки на ДСД „Скопје“ (2014 – 2019 година).[2,3]

1 Извор: Конкурс за прием на студенти запишани на додипломски студии во државните студентски домови и други објекти за сместување во Република Северна Македонија за академската 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 и 2018/19

2 Извор: Автори

3 Белешка: Податоците за 2018 година се однесуваат на студенти кои за прв пат аплицирале за легло.

Согласно статутот, примарната цел на ДСД е остварување на студентскиот стандард како дејност од јавен интерес, кој е во врска со остварувањето на интересите и потребите за престој на студентите кои студираат надвор од местото на живеење. Во потесна смисла, се подразбира обезбедување на сместување, исхрана, школарина и стипендии за студентите, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на студентите.

Домот во својот состав има четири посебни организациони единици на територијата на Град Скопје, Студентски дом „Кузман Јосифовски Питу“ – Скопје; Студентски дом „Гоце Делчев“ – Скопје; Студентски дом „Невена Георгиева – Дуња“ – Скопје и Студентска населба „Стив Наумов“ – Скопје.

Работата на ДСД е утврдена согласно Законот за студентски стандард, донесен во 2013 година, и Статутот на Државен студентски дом – Скопје. Како правен субјект, со работата на ДСД „Скопје“ управува управниот одбор, а раководи директорот на ДСД. Органограмот 1 претставува приказ на внатрешното уредување на ДСД „Скопје“.

Студентски домови во рамките на ДСД „Скопје“[4]

Органограм 1: Визуелен приказ на внатрешното уредување на ДСД „Скопје“.[5]

4 Извор: годишни програми на ДСД
5 Извор: Автори

Дом при ДСД	Основни информации за домот	Сместувачки капацитети на домот	Дополнителни информации
Студентски дом „Кузман Јосифовски – Питу" – Скопје	Изграден: 1958 Општина: Центар Површина: 8000м2.	Легла: 490 студентски легла Останати инфраструктурни капацитети: дискотека, кујна и трпезарија	Студентскиот дом „Кузман Јосифовски – Питу" претставува и административна зграда на Државниот студентски дом „Скопје", каде што се наоѓаат архивата, како и канцеларијата на администрацијата и директорот на ДСД.
Студентски дом „Гоце Делчев" – Скопје	Изграден: пуштен во употреба во две етапи: во 1972 и 1978 година. Општина: Карпош Површина: 30000м2	Легла: 1200 студентски легла распоредени во 4 блока Останати инфраструктурни капацитети: трпезарија, бифе, менза, читална, дискотека, спортски игралишта и зелена површина	Во 2015 година, блоковите А и Б беа реновирани и пуштени во употреба, а во периодот на завршување на оваа анализа (јули 2019), во завршна фаза е реновирањето на останатите блокови В и Г, кои треба да се финализираат по што би се вселиле станари.
Студентска населба „Стив Наумов" – Скопје	Изграден: Првите две згради се изградени во 1953 година, последната во 1992 година, додека пак павилјоните се изградени и пуштени во употреба во 2014 година. Општина: Гази Баба Површина: 88500м2	Легла: 1335 легла во зградите и 138 легла во павилјоните Останати инфраструктурни капацитети: менза, читална, дискотека и зелена рекреативна површина.	На 139 седница Владата го задолжи Министерството за образование и наука да спроведе постапка за реконструкција на Студентскиот дом во студентската населба „Стив Наумов" во Скопје во најкраток можен рок, имајќи ја предвид прифатената информација за настанатата ситуација во поглед на одредени недоследности и неправилности утврдени во зградата 1 во студентската населба „Стив Наумов" во Скопје, при извршен инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат.[6]
Студентски дом „Невена Ѓорѓиева – Дуња" – Скопје	Изграден: шеесеттите години[7] на минатиот век	Легла: 351 Останати инфраструктурни капацитети: дванаесет бараки	Бараките беа од времен карактер, а во 2014 година се утврди дека немаат соодветни услови за престој на студенти. Студентската населба од студиската 2014/2015 година веќе не е дел од конкурсот за прием на студенти и не се населуваат студенти станари.

Табела 1: Детален преглед на основните информации за студентските домови во рамките на ДСД „Скопје".

6 Извор: „Од 139-та седница на Владата: Сите институции ќе работат Охридскиот регион да остане под закрила на УНЕСКО; Одобрена реконструкција на студентскиот дом „Стив Наумов"; Виктор Димовски - директор на АНБ», Влада на СРМ, 2019. Достапно на https://vlada.mk/node/18175z

7 Не е достапна информацијата за година кога е изградена студентската населба.

Методологија

За детално да се истражи правната рамка во која функционираат државните студентски домови, како и практичното искуство на студентите-станари, ова истражување се потпира на две компоненти:

а) анализа на правна рамка и стратешки документи;

б) теренско анкетирање на студенти станари.

Освен овие два метода, во истражувачкиот проект беше предвидено и спроведување на фокус-групи и/или интервјуа со станари од ДСД „Скопје“. Сепак, и покрај напорите на истражувачкиот тим за регрутирање испитаници кои би учествувале во квалитативниот дел од ова истражување, се пријавија само 4 студенти од кои само еден студент се појави во закажаниот термин за одржување на фокус-група. Поради ова, во истражувањето не беа добиени и квалитативни податоци кои понатаму би придонеле кон подетална анализа на одговорите добиени преку прашалниците. Во следниот дел се дадени детални информации за методолошкиот пристап на двете компоненти.

Методологија на анализата на правна рамка и стратешки документи

Постапката за осознавање на уреденоста на материјата од интерес започна со консултирање на Законот за студентски стандард како основен правен акт во областа. Понатаму, преку следење на законските одредби беа детектирани останати правни акти и стратешки документи.

Кон документите кои беа анализирани во ова истражување беше примарно пристапено по електронски пат, т.е. преку веб-страните на надлежните институтции ДСД, МОН и Влада на СРМ. Веб страните беа посетени во периодот мај и јуни 2019 година.

Со цел добивање подетални податоци за работењето на домовите, како и добивање пристап до правните акти кои не се јавно достапни на веб-страниците на актерите кои имаат надлежности во работењето на домовите, беа испратени барања за слободен пристап до информации. Временскиот период кој е опфатен во анализата опфаќа работење на три директори и промена во извршната власт (т.е. опфатен е периодот меѓу 2009 и 2019).

Вкупниот број барања кои беа испратени е 20, кој е еднаков на бројот на добиени одговори. Барањата за слободен пристап до информации беа пратени до следниве институции:

- Влада на Република Северна Македонија
- Министерство за образование и наука
- Државен студентски дом „Скопје".

Барањата беа испратени во текот на март и април, 2019 година.

Методолошки ограничувања

Како најважно ограничување поврзано со правната анализа се издвои непристапноста на одредени документи кои беа наведени во подзаконските правни акти и програмите за стратешко планирање на ДСД „Скопје", за кои осознавме дека би требало да се донесени од одговорите на барањата за слободен пристап до информации.

Поради временските ограничувања на проектот, тимот не беше во можност да испрати втор бран барања за слободен пристап до информации со кои би се побарал пристап и до овие документи. Ова се однесува на документите: Годишен план за воспитно-образовна работа со студените, Годишна програма за организацијата на слободното време и активностите на студентите, интерни акти за заедничко функционирање на раководството на домот за доближување кон Советот на станари и месечна програма за туризам.

Дополнителен проблем претставуваше непостоењето на никакви јавни извори на информации од страна на Студентскиот парламент при УКИМ. Ова создаде пречки при осознавање на практичните детали поврзани со изборот на студентски претставници и начинот на кои биле формулирани ставовите презентирани во телата на одлучување на домовите во минатите години.

Методологија на теренското анкетирање

Оваа компонента од истражувањето имаше за цел, преку анкетирање на студентите кои престојуваат во државните студентски домови, да одговори на прашањето: *Какви се перцепциите, искуствата и ставовите на студентите кои станува збор за животниот стандард, студентското учество во процесите на носење одлуки и корупцијата во студентските домови?*

Прашалникот беше подготвен преку анализа на документи кои го дефинираат студентскиот стандард и адаптирање на прашалници користени во истражувања спроведувани од МОФ, како и консултации со студенти станари.

Прашалникот е поделен во четири дела:

1. Прашања за квалитетот на живот во студентските домови,
2. Прашања за учеството на студентите во процесите на носење одлуки кои ги засегаат како станари во студентските домови,
3. Прашања за перцепцијата на корупција во студентските домови, и
4. Прашања за демографските карактеристики на испитаниците

Прашањата, чија цел беше испитување на искуствата на студентите со корупцијата, вклучуваат различни дејствија кои се казниви според македонското законодавство. Покрај тоа, дел од формите опишуваат нечесни дејствија кои не нужно спаѓаат под законската дефиниција на корупција, но содржат елементи на коруптивни дејствија. Формите кои се вклучени беа одбрани според досегашните сознанија на МОФ добиени од претходни истражувања, и активно следење на состојбите во изминатите години.

Во последниот, четврти дел, беа дадени прашања за студентскиот дом и делот во кој престојуваат (барака/зграда), пол, возраст, година на студии, етничка припадност, место на потекло, број на години престој во студентски дом, претходно живеење во приватно сместување (и број на години престој таму), планови за идно живеење во приватно сместување.

Сите прашања во првите три дела беа задолжителни, додека прашањата во последниот, четврти дел од прашалникот не беа задолжителни за одговарање од страна на испитаниците. Поголем дел од прашањата се одговараа со одбирање на еден од понудените одговори, а мал дел со пишување на краток одговор. Понудените одговори беа секогаш наредени по случаен редослед за да се избегне влијание врз резултатите. Целиот прашалник е достапен во Анекс 1.

Прибирањето на податоците се одвиваше со помош на електронски таблети и онлајн системот „Qualtrics“, каде што беше поставен анкетниот прашалник. За потребите на истражувањето беа обучени шестмина анкетари, а главната фаза на прибирање податоци траеше 20 дена, во текот на мај и јуни 2019 година.

Предметна популација и стратегии на мострење

Предметната популација во ова истражување ја сочинуваат сите студенти -станари во државните студентски домови (N = 2036). Целта на теренското истражување беше анкетирање на примерок од n = 300 испитаници (по n = 100 од секој од трите студентски домови). Оваа бројка испитаници беше дефинирана со цел да се одговори на потребите за испитување минимум 10% од популацијата станари во секој од домовите на начин кој соодветствува на достапните ресурси и временските ограничувања.

Испитаниците беа регрутирани по случаен редослед: зависно од номенклатурата во домовите, анкетарите започнуваа со највисокиот кат на првиот станбен објект во домот и ги анкетираа станарите од секоја трета соба надолу.

Истражувачка етика

Во истражувањето учествуваа лица со навршени 18 години, за чие учество не е потребна дозвола од родител. Дополнително, анкетарите при регрутирањето потенцијални испитаници прво ја објаснуваа целта на истражувањето, по што бараа усна согласност за учество во истражувањето од страна на испитаниците. Единствено по добивање усна согласност, анкетарите им го предаваа електронскиот таблет на испитаниците каде на првата страница од прашалникот беа споделени основни информации за истражувањето. Од сите испитаници беше побарано на првата страница од прашалникот и електронски да ја изразат својата согласност за учество во истражувањето. Дополнително, преку користење електронски таблети, на сите учесници во истражувањето им беше загарантирана приватноста при пополнување на прашалникот, како и доверливоста на податоците.

Методолошки ограничувања

Оценувањето на репрезентативноста на примерокот е отежнато поради непостоењето официјални податоци за демографските карактеристики на популацијата составена од студенти станари во студентските домови. Имајќи го предвид ова, важно е да се напомене дека е можна појава на самоселекција на испитаниците (Shaughnessy, Zechmeister, and Zechmeister 1990), и покрај настојувањето на истражувачкиот тим и анкетарите за регрутирање на испитаници по случаен избор. Со други зборови, можно е во истражувањето да учествуваа само студенти-станари кои чувствуваат

потреба за споделување на сопствените ставови со истражувачкиот тим и анкетарите, при што би изостанале потенцијалните испитаници кои не сакале да ги споделат своите ставови од различни причини. Овој коментар може да се поткрепи и со бројот на студенти станари кои одбиле да учествуваат во истражувањето (n = 33). Исто така, треба да се има предвид и дека користениот прашалник беше направен за потребите на овој истражувачки проект, при што можностите за детално пилотирање и тестирање на неговите психометриски карактеристики беа мали.

Анализа на правна рамка и стратешки документи

Анализата ја разгледува легислативата во нашето законодавство, со цел осознавање на актерите, и нивните надлежности како и правилата и процедурите кои вклучуваат студенти а се однесуваат на темите квалитет на живот, учество на студенти во носењето на одлуки и коруптивни дејствија во домовите. За таа цел, покрај Законот за студентски стандард, како основен правен акт во областа, ќе бидат опфатени и подзаконски акти кои важат за сите домови во земјата, како и актите на Државниот студентски дом „Скопје".

Дополнително, анализата на правната рамка вклучува и закони кои се однесуваат на уредувањето на прашања од областа на високото образование и закони кои се однесуваат на спречување на коруптивни дејствија, а се применливи во работењето на студентските домови. Целта на ова беше согледување на поширокиот правен контекст во кој функционираат студентските домови и информирање каде потенцијално би требало да се бараат решенија во отсуство на закони во правната регулатива која е наменета да ги уредува прашањата поврзани со работата на студентските домови.

Закон за студентски стандард

Основниот правен акт кој ги регулира односите во сферата на домувањето во студентските домови е Законот за студентски стандард. Тој предвидува отворање на државни и приватни студентски домови. Оние кои се буџетирани од државни средства, се основаат од страна на Владата на СРМ, додека останатите може да бидат основани од домашни и странски правни и физички лица (член 11).

Право на престој во студентски дом имаат студенти кои се образуваат на други места од своето место на живеење. Рангирањето на пријавените студенти се врши според три главни критериуми:

1. успех во учењето
2. редовност во студирањето и
3. семејно-материјалната состојба на студентот (член 24).

При приемот, одреден дел од бројот на легла се доделува на деца без родители, деца со посебни потреби, деца на родители-корисници на социјална помош, деца на самохран родител или невработени родители итн. Во оваа смисла, законот е социјално сензитивен и препознава категории на студенти кои имаат потреба од дополнителни мерки кои би ја унапредиле нивната позиција во споредба со останатите кандидати. Дополнително, посебен број на легла се определени за учениците со особено висок успех во учењето (член 25).

Законското решение предвидува дека работите во поглед на приемот на студенти, како на пример условите, рангирањето на апликантите, категориите студенти кои имаат првенство, отворањето конкурс за пријавување се во стриктна надлежност на Министерството за образование, додека студентскиот дом во оваа област основа комисија надлежна за прием на студентите (член 26). Цената на домување ја определува Владата на Република Северна Македонија (член 8).

Во поглед на услугите кои ги нуди студентскиот дом, генерички е предвидено дека студентскиот дом е установа која обезбедува сместување, исхрана, грижа за здравјето, културно-забавни, спортско-рекреативни активности (член 10). Самиот закон не содржи одредби со кои се уредуваат видот на сервисите и останати аспекти поврзани со ова прашање.

Управувањето на студентскиот дом е во надлежност на одбор, кој е раководен од директор (член 34). Ова лице е избрано од Министерството за образование, по предлог на одборот (член 37). Дополнително секоја единица има свој управник. Управниот одбор на студентскиот дом е составен од тројца претставници од основачот (т.е. Влада на СРМ), двајца од редот на вработените во студентскиот дом, еден студент и еден претставник од универзитетот каде што студентскиот дом е придружна членка. Според новините во Законот во 2019 година, студентскиот претставник се бира од стана на Советот на станари на домот (член 34). До сега, претставниците, според минатите одредби од Законот, се бираа преку студентската претставничка организација при УКИМ. Па така, според доставените одговори од барањата за слободен пристап до информации, студентската организација преку која се бирале членови во Управниот одбор до сега е невладината организација – Студентски парламент при Универзитет `Св. Кирил и Методиј`-Скопје.

Учеството во работата на Управниот одбор дава законска можност да се влијае на широк опсег теми кои се важни за внатрешното функционирање на домот. Така, на пример, студентите учествуваат во донесување на програмата за работата на домот и финансискиот план, интервјуирање на кандидатите за директор, предлог на висината на цената за сместување и храна итн. (член 35). Мандатот на членот-студент во Управниот одбор трае додека тој има статус на редовен студент.

Законското решение предвидува и формирање на Совети на станари во домовите. Тие се составени од студенти кои престојуваат во самиот дом, а се составуваат со цел формирање на мислења за унапредување на квалитетот на живот во установите. Сепак, подетално уредување на работата и надлежностите на овие тела не е застапено во законот, тоа е оставено да се уреди од страна на студентскиот дом (член 44).

Законот за студентски стандард вклучува одредби кои се однесуваат на однесувањето на студентите-станари во домовите и дисциплинските постапки кои се поведуваат тогаш кога студентите го прекршуваат куќниот ред. Имено, според овој правен акт, постојат три вида мерки кои може да ги изрече домот на студент:

1. писмена опомена
2. опомена пред отстранување, и
3. забрана за користење на услугите на домот (член 27)

Случаите се таксативно набројани и во поголема мера се насочени кон несоодветно однесување на студентот спрема физичкиот простор и инвентарот во домовите. Законот не наведува дисциплински мерки поврзани со потенцијални коруптивни дејствија кои би можеле да ги вршат студентите и вработените во домот.

Акти на државно ниво

Правилник за начинот на прием на студентите во државните студентски домови

Правилникот детално пропишува кои услови треба да ги исполни студентот за да има право на престој во студентски дом. Така, редовните студенти кои не повторувале студиска година во текот на осум семестри, или повторувале, но не повеќе од две академски години над осум семестри, можат да аплицираат за легло (член 2). Студентите кои се апсолвенти по втор пат не можат да бидат примени во студентски дом (член 3). Оние студенти кои го прекршиле куќниот ред, и на кои им е изречена времена забрана за користење услуги во студентски домови, исто така не можат да бидат примени во студентски дом (член 5).

Како и во Законот за студентски стандард, правилникот предвидува дека рангирањето на студентите-апликанти се врши според следниве критериуми:

1. успех во учењето
2. редовност во студирањето
3. семејно-материјалната положба на студентот
4. оддалеченост од местото на живеење (член 7).

Според ова, правилникот додава уште една категорија која се зема предвид при приемот на студенти, а тоа е оддалеченоста од местото на живеење.

Ранг-листите ги составува Министерството за образование и наука, преку комисија за прием на студенти во студентски дом за секој универзитет одделно. Комисиите се составени од двајца претставници на студентската претставничка организација, претставник на универзитетот и двајца претставници од Министерството за образование и наука. Оваа комисија има задача да ги провери документите кои ги поднесува секој студент одделно, да состави прелиминарна листа, да решава по приговори и да поднесе извештај за работата до Министерството (член 19). Оваа комисија може да исклучи студент од конечната ранг-листа тогаш кога податоците од електронската пријава и доставената документација не се совпаѓаат (член 20).

Правилникот им забранува на студентите да го отстапат местото на друг, освен ако не се врши размена на легла помеѓу два студенти кои биле примени во студентскиот дом. За ова треба да постои и согласност од страна на директорот на домот (член 24). Правилникот дозволува пополнување на слободните места по сместувањето на студентите кои ги исполнуваат условите, од страна на лица кои не ги исполниле условите, при што тие ја плаќаат полната сума (член 25).

Правилник за нормативите и стандардите за опрема, простор и кадар во студентските домови

Правилникот го носи Министерството за образование и наука (член 12, Закон за студентски стандард). Тој предвидува дека домовите треба да задоволуваат естетски и еколошки стандарди. Исто така, предвидува дека секој дом треба да има дворна површина, спортски игралишта, зелена површина и простории за рехабилитација и рекреација (член 2).

Покрај ова, овој правен акт таксативно ги набројува видовите простории поврзани со управувањето, техничките и услужните дејности кои секој дом треба да ги има во својата структура. Меѓу другото, во домот треба да има просторија за референти за сместување и исхрана, кујна опремена според ХАССП, трпезарија која е опремена со доволен број маси и столови итн. (член 6, член 7). Домовите треба да обезбедат и пристап за лицата со инвалидитет (член 8).

Правилникот пропишува дека секоја просторија во домот мора да има доволно природна светлина, греење и ладење, заштита од бучава, снабдување со вода, соодветни машински и електрични инсталации, заштита од пожар, поплава и други елементарни непогоди (член 10). Освен конкретното уредување на грејните карактеристики во просториите (20 степени Целзиусови), за останатите горенаведени категории се наведува дека треба да се водат според останати прописи кои ја уредуваат оваа материја, надвор од правилникот и документите од областа на студентскиот стандард (член 10). Правилникот прецизно уредува колкав број на раководен и технички кадар треба да биде ангажиран во зависност од бројот на студенти кои се сместени во домот (член 12, член 13).

Акти на ниво на студентски дом

Статут

Установите носат статути како највисоки правни акти кои ги регулираат внатрешните односи и работење. Овие документи треба да бидат одобрени од Министерството за образование и наука (член 7, Закон за студентски стандард). Највисокиот правен акт на ДСД „Скопје“ во голема мера ги потврдува одредбите на Законот за студентски стандард, и изостанува со подетално регулирање на материјата од интерес на ова истражување. Така, во овој дел ќе бидат анализирани само аспектите кои ја дополнуваат законската регулатива дискутирана претходно.

Во однос на учество на студентите во управувањето, статутот дополнително специфицира дека изборот на студентот-член во УО, ќе се врши од страна на Студентскиот парламент при УКИМ (член 30). Сепак, подеталната постапка на избор на овој член е оставена на самата студентска организација, кое треба со дополнителни акти да го прецизира ова прашање.

Составот на Советот на станари, телата кои треба да дискутираат за прашања од интерес на студентите-станари, е прецизиран преку Статутот на ДСД. Имено, тој предвидува дека во советот на домот членуваат студентски претставници од секоја единица (член 63). Членовите се избрани од Претседателството на СПУКМ, кој пак го врши изборот по претходно отворен Конкурс за членови (член 65). Дополнително, секоја единица има свој Совет на станари, кој треба да се занимава со прашањата од локална природа (член 63). Мандатот на овие членови е една година, и тие немаат право на реизбор (член 65).

Сепак, според неодамнешните новини во другите закони кои ги уредуваат прашањата поврзани со студентското организирање (т.е. Законот за високото образование), студентските парламенти се укинуваат како

претставнички тела. Покрај терминологијата, самиот субјективитет на претставничките организации (од невладини организации до тела во склоп на универзитетот) и начинот на избор на претставници се менува. Во таа насока, Статутот на ДСД треба да ги следи овие новини, и во овој момент не е познато како дополнително ќе бидат доуредени овие прашања.

Статутот не нуди дополнителни основи од оние предвидени во Законот за студентски стандард, а кои би вклучувале коруптивни дејствија како основа за поведување дисциплинска постапка. Но, додава дека дисциплинските постапки ќе се водат од страна на дисциплинска комисија која вклучува и студент избран од страна на Советот на станари на ДСД. За поведување постапка, управникот на единицата треба да поднесе пријава до дисциплинската комисија (член 25).

Деловник за работа на Државниот студентски дом „Скопје“

Деловникот за работа на ДСД ја уредува работата на Управниот одбор, каде членува и еден студент делегиран од студентската организација Студентски парламент (член 30, ДСД). Според него, членот-студент има подеднакви права и должности како и останатите членови, вклучувајќи го и правото на глас. Меѓу другото, секој член може да предлага теми за дискусија на дневниот ред (член 10), да бара свикување на седница (член 7) и да бара материјали поврзани со работата на домот (член 8). Во надлежностите на УО се предвидени истите надлежности содржани во Законот за студентски стандард.

Според претходно споменатото, најголемите ингеренции во областа на студентскиот стандард ги има Директорот на студентскиот дом и Универзитетот преку свои претставници. Студентите, формално, се вклучени во процесите на носење на одлуки.

Актер/ Надлежност	Конкурс за прием	Листа на примени студенти[1]	Распределба на легла[3]	Цена по легло [1,2]	Дисциплински мерки за студенти[1,3]	Правилници од значење за работата на домот	Номинира членови во управен одбор	Годишна програма за работа
Влада на Република С.Македонија				●			●	
Министерство за образование и наука	●	●				●		
Управен одбор на студентски дом				●	●			●
Директор на студентски дом			●		●		●	●
Студентска претставничка организација		●						
Совет на станари				●	●		●	
Универзитет		●		●	●		●	

Табела 2: Распределба на надлежностите според главните актери од сферата на домувањето на студентските домови во Р. Северна Македонија.[8]

8 Забелешки:
1. Означените актери учествуваат во колективни тела кои ги носат наведените одлуки.
2. Конечната одлука ја носи Владата на Република С. Македонија, во консултација со означените актери.
3. Директорот на студентскиот дом составува колективни тела кои ги носат наведените одлуки.

Останати законски акти

Закон за високото образование

Законот за високо образование содржи одредби кои се однесуваат на студентското организирање и претставничките структури. За потсетување, според Статутот на ДСД „Скопје“, како и Законот за студентски стандард, студентските претставници во телата на управување на домот се делегираат од студентската претставничка организација при УКИМ. Според Законот за високо образование, универзитетското студентско собрание е тело при универзитетот кое ги штити интересите на студентите (член 35). Ова тело избира членови во управните органи на универзитетот и е составено од студенти-претставници на факултетските собранија (член 36).

Законот упатува на понатамошно доуредување на оваа материја во статутите на универзитетите. Во моментот на пишување на оваа анализа (мај – прва половина на јуни 2019), УКИМ беше во процес на донесување на нов статут со цел усогласување со неодамна донесениот Закон за високото образование. Непознато е како статутот ќе ја доуреди оваа тема.

Закони од областа на кривичното право

Македонското законодавство вклучува значителен број одредби чија цел е спречување на коруптивни дејствија во јавниот сектор или адресира нечесни однесувања, а кои се применливи во областа на високото образование (Живковиќ, 2016).

Кривичен законик

Кривичниот законик содржи глава во која се конкретно наведени видовите на кривични дела против службената должност. Овие одредби се применливи во случаите кога вработените во Министерството за образование и наука, како и вработените во ДСД „Скопје“ вршат нечесни дејствија. Кривичниот законик забранува пречекорување на границите на службената должност од страна на лице кое извршува ваква функција, а со цел прибавување некаква корист за себе или за друг. Предвидената казна е повисока во случаи кога извршеното дело е во областа на јавните набавки и располагањето со средствата од Буџетот на Република Македонија (член 353).

Примањето поткуп е друг вид казниво дело кое опфаќа случаи во кои службено лице директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок или друга корист, или ќе прими ветување за подарок или друга корист за да изврши службено дејствие кое не би требало да го изврши, или

да не изврши дејствие кое би требало да се изврши (член 357). Во нашето законодавство казниво дело е и давањето поткуп, а ги опфаќа лицата кои не се службени лица (член 358). Во насока на оваа анализа, студент кој нуди поткуп би се сметал за вршител на казниво дело.

Дополнително, Казнениот законик вклучува одредба со која на службените лица им се забранува примање на награди, подароци или друг вид корист, како и примање на ветување или понуда за корист за себе или друг, со цел да го искористување на нивното влијание, службена или општествена положба и углед, за да извршат службено дејствие што морало да се изврши или да не извршат дејствие што не смеело да се изврши (член 359).

Меѓу другото, овој законик вклучува и други одредби кои ги забрануваат следниве дела, а кои се од интерес на оваа анализа: несовесно работење (член 353-в), проневера (член 354), измама (член 355), послужување (член 356), фалсификување службена исправа (член 361).

Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси

Во нашата легислатива корупцијата е дефинирана како дејствие преку кое се злоупотребуваат функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување корист за себе или за друг (член 2). Ваквото широко дефинирање на корупцијата овозможува пријавување на различен вид дела кога тие се сторени од страна на службено лице. Така, меѓу другото, Законот забранува вработување на блиски роднини (член 56), примање подароци (член 58), вршење влијание врз друг (член 62). Актите кои се донесени заради примена на коруптивни дејствија се сметаат за ништовни и сите оние кои се оштетени имаат право да бараат надомест за штетата (член 66).

Закон за вработени во јавниот сектор и Закон за административни службеници

Законот за вработени во јавниот сектор и Законот за административни службеници се законски акти кои исто така забрануваат нечесни дејствија кои можат да ги извршат вработени во Домот и Министерството за образование и наука. Одредбите во голема мера ги следат постулатите од Казнениот законик и Законот за спречување на корупција.

Стратешки документи во областа на студентскиот стандард

Програма за развој на студентски стандард

Доставените програми за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот меѓу 2010 и 2019, во најголем дел содржат специфики на различните видови студентски стипендии кои ги доделува Владата на домашните и странските студенти.

Во еден дел се одредува и точната сума со која учествува Владата во партиципацијата за сместување и исхрана на студентите. Имено, Владата ја покрива половина од сумата за партиципација по студент. Студентите без родители, оние со посебни потреби, невработени родители, корисници на социјална помош итн., се ослободени од плаќање партиципација, која е покриена од страна на Владата на Република Северна Македонија (член 24, Закон за студентски стандард).

Во текот на изминатите 10 години се забележува раст на финансиите предвидени за развој и одржување на студентскиот стандард во Северна Македонија. Програмите не нудат детален приказ на трошоците според кои би можеле да се увидат поконкретните намени, туку само општи категории. Во график 2 е даден детален преглед на расходите на студентските домови.



График 2: Детален преглед на расходите на студентските домови, во периодот 2011 – 2019 година.[9] [10]

Најголем дел од расходите на Владата во изминатите девет години биле поврзани со исплатата на стипендии и субвенционирањето на легла и

9 Извор: Автори
10 Вредностите се изразени во денари.

исхрана во студентските домови. Вториот најголем расход е поврзан со изградбата и реконструкцијата на домовите, каде по 2014 се забележува раст на финансиите. Трошоците поврзани со купување опрема, машини и мебел се третиот најголем трошок на Владата во текот на изминатите години во врска со одржување на студентскиот стандард. Во 2017 година се јавува значителен пораст во оваа категорија, но нејасно е дали продолжува овој тренд бидејќи програмите за следните години не споменуваат трошоци поврзани со купување на опрема и машини. Во график 3 е претставена распределбата на средствата наменети за студентски стандард, според програмата на Владата во периодот меѓу 2010 и 2019 година.



График 3: Преглед на распределбата на средствата наменети за студентски стандард, според програмата на Владата во периодот помеѓу 2010 и 2019 година.[11,12]

Годишна програма за работа на државните студентски домови

Според Законот за студентски стандард (член 23) и Статутот на ДСД (член 14), Домот носи годишна програма за работа во која ги установува активностите кои се од особен интерес, и кои треба да се спроведат во текот на годината. Со цел осознавање на практичната работа и дефинирањето приоритети поврзани со услугите на домот, беа разгледани програмите за работа на домот за периодот 2013 – 2018.

11 Забелешки:
1. Податоците се однесуваат на последните измени на програмите за остварување и развој на дејност на студентскиот стандард.
2. Во трошоците за изградба и реконструкција на домови се опфатени трошоците за сите студентски домови во земјата, не само оние во рамки на ДСД „Скопје".
3. Трошоците за купување опрема, машини и мебел опфаќаат само трошоци за мебел во 2018 и 2019 година.
4. Во програмите не постојат конкретни податоци за расходите за купување опрема, машини и мебел за 2011 и 2012 година.

12 Вредностите се изразени во денари.

Во својата содржина програмите во дадениот временски период се поклопуваат во голема мера. Имено, повеќето приоритети определени во овие документи се повторуваат, а се однесуваат на комуналните аспекти или потребата од нова опрема и инвентар. Во оваа насока, во програмите се сретнуваат следниов тип констатации:

'Комуналната структура е изградена во време кога задоволувала мали капацитети и потреби, предизвикува потешкотии во нејзиното одржување и експлоатација. Секојдневниот пристап на решавање и ставање во исправна состојба на водоводната, канализационата, електро и топловодна инсталација, придонесува да главно место во проектот зема комуналната инфраструктура' (ДСД, 2018)

'Поради неможноста да се санираат сите недостатоци во тоалетите и непоставената хидроизолација на туш кабините во собите, сместувачкиот капацитет е намален во една зграда' (ДСД, 2016).

'Неопходно е инвестирање во нови душеци и столчиња како неопходен инвентар. Потреба од санација на покрив, бидејќи протекува во зградата. Опремата за подготвување храна е стара и дотраена' (ДСД, 2013)

'Реновирана е една зграда во 2008. Но поради грешки во изведбата, и кај овие згради има проблем со санитарните јазли' (ДСД, 2013; ДСД 2015; ДСД 2016; ДСД 2017)

Приоритетите на предвидените проекти во студентските домови може да се поделат во 5 главни категории: Расходи поврзани со комуналии, Уредување на простор и набавка на инвентар, Воспитно образовни активности, Спортски активности и Останати приоритети. Табелата 3 ги прикажува предлог проектите тематски според студентскиот дом. Сепак, програмите не содржат детални информации за спроведувањето на предлог проектите од минатите години, и следењето на исполнувањето на истите е отежнато заради моменталниот формат во кој се изработуваат овие програми.

Во сите годишни програми е содржано дека домот ќе поддржи активности кои ќе му помогнат на СПУКМ во комуникацијата со меѓународни студентски движења, како и во вклучувањето на студентите во работата на ДСД. Сепак, ни еден од годишните планови не содржи конкретни активности во поглед на овие заложби на центарот. Исто така, наведено е дека центарот ќе работи на интерни акти кои ќе доведат до зближување на Советот на станари со Секторот за сместување на центарот, 'со цел прераснување во професионална и одговорна институција во служба на студентите'. Во поглед на овој генерален приоритет не се предвидени конкретни активности, ниту пак јавно се достапни документите кои ги предвидуваат годишните програми.

Во само една од програмите се спомнува борбата со корупцијата како општ приоритет. Така, се предвидува формирање на комисија за контрола на сместувањето во поглед на препродавањето легла, како и почитувањето на правилата на куќниот ред (ДСД, 2014). Сепак, во наредните години формирањето или поддржувањето на работата на потенцијално формираната комисија не е споменато.



Табела 3: Визуелен приказ на стратешките приоритети во програмите за работа на државните студентски домови меѓу 2013 и 2018 г., групирани според видот на предвидената активност.[13]

Легенда на табела:

Секое поле (круг) означува посебен предлог проект. Табелата прави сумиран преглед на заложби, иако не секогаш се дефинирани како предлог-проекти во стратешките документи.

Полињата кои вклучуваат две бои означуваат предлог проект кој во себе содржи различен вид категории на активности.

13 Извор: Автори

Легенда на бои

Сино. Уредување на простор и инвентар (пр. набавка на нови столчиња, прибор за јадење, машини за перење, чаршафи за маси, уредување на зелена површина околу домот, замена на скршени прозорци)

Жолто. Спортски активности (пр. учество на студенти во спортски натпревари, организирање на „Домијада“)

Розево. Воспитно образовни активности (пр. едукација на студенти за користење алкохол и наркотични средства, организирање обуки за заштита од елементарни непогоди)

Зелено. Расходи поврзани со комуналии (пр. поврзување на гасификациона мрежа, реновирање на санитарни јазли)

Портокалово. Останато (пр. градење капацитети за работен кадар, поставување камери и аларми, безбедност, соработка со студентски домови во странство, набавка на алати за работа)

Резултати од теренско анкетирање

Опис на примерокот

Вкупната популација на станари во студентските домови е N = 2036, од која во истражувањето учествуваа n = 300 испитаници, по 100 од секој дом. Со други зборови, во истражувањето учествуваа 14,7 % од вкупната популација студенти-станари во студентските домови (10,5 % од „Стив Наумов“, 16,58 % од „Гоце Делчев“ и 20,79 % од „Кузман Јосифовски - Питу“). Од 300 испитаници кои учествуваа во истражувањето, 54 % (n = 163) се од женски пол, 46 % (n = 137) се од машки пол. Просечната возраст на испитаниците е 21,4 години (M = 21.393, SD = 1.343). Најголем број од студентите се во втора (26,33 %; n = 79), трета (25 %, n = 75) и четврта (23,67 %, n = 71) година од студиите. Детален преглед за годината на студии на испитаниците е даден во график 4.



График 4: Детален преглед на дистрибуцијата на испитаниците според година на студии.

Во однос на етничката припадност, 94,35 % (n = 284) од испитаниците се изјасниле како Македонци, 2,33 % (n = 7) како Турци, 1 % (n = 3) како Власи, 0,33 % (n = 1) како Бошњаци и 1,99 % (n = 6) од друга етничка припадност. Мнозинството од испитаниците (87,33 %; n = 262) како место на потекло навеле име на град, 5 % (n = 15) име на село, додека 7,67 % (n = 23) не го одговориле прашањето за место на потекло. Речиси една третина од

испитаниците (32,44 %; n = 97) во студентски дом престојуваат две години, по што следуваат испитаниците кои во студентски дом престојуваат три години (22,07 %; n = 66) и испитаниците кои во студентски дом за првпат престојувале оваа академска година (21,4 %; n = 64). Детален преглед за бројот на години престој во студентски дом за испитаниците е даден во график 5.



График 5: Детален преглед на дистрибуцијата на испитаниците според бројот на години престој во студентски дом.

Мнозинството од испитаниците (72,09%; n=217) претходно немаат престојувано во приватно сместување, во споредба со 27,91 % (n = 84) од испитаниците кои имаат такво искуство. Од оние кои претходно имаат престојувано во приватно сместување, најголемиот дел (67,9 %; n = 55) престојувале една година. Во график 6 е даден детален преглед на годините на престој во приватно сместување за испитаниците кои имаат такво искуство.



График 6: Детален преглед на дистрибуцијата на испитаниците кои претходно имаат престојувано во приватно сместување, според бројот на години на престој во приватно сместување (n = 84).

Најголемиот дел од испитаниците (56,15 %; n = 169) не знаат дали во иднина би живееле во приватно сместување. Во график 7 е даден детален преглед на ставовите на испитаниците.



График 7: Детален преглед на дистрибуцијата на испитаниците според одговорите на прашањето „Дали во иднина би живееле во приватно сместување?".

Квалитет на живот во студентските домови

На скала од 1 - „Многу лош“ до 5 - „Одличен“, генералниот квалитет на живот во студентските домови испитаниците го оценија со просечна оцена 2,93 (M = 2,93; SD = 0,99). Просечната оцена за животниот стандард во „Стив Наумов“ е M=2,51 (SD = 0,93), во „Гоце Делчев“ е M=3,79 (SD=0,7), а во „Кузман Јосифовски - Питу“ е M = 2,5 (SD = 0,73). Детален преглед на дистрибуцијата на оценените е даден во график 8.



График 8: Детален преглед на дистрибуцијата на оцените за генералниот квалитет на живот во студентските домови.

Според испитаниците, трите најважни прашања со кои се соочуваат студентите-станари во студентските домови се: лошите услови за живот во домот, недостатокот на средства и простории за учење и недостатокот на спортски и културни активности. Детален преглед на одговорите на испитаниците е даден во график 9.

График 9: Детален преглед на одговорите на испитаниците на прашањето „Кои се најважните прашања со кои се соочуваат студентите-станари во студентскиот дом во кој престојувате?"[14]

Како главни причини за нивната одлука за сместување во студентски дом, испитаниците најчесто ги избираа понудените одговори кои се однесуваат на немањето доволно средства за приватно сместување и ниската цена на сместувањето во студентските домови. Детален преглед на причините поради кои испитаниците одлучиле да се сместат во студентски дом е даден во график 10.

14 Дозволени беа максимум три одговори од понудените опции.



График 10: Детален преглед на одговорите на испитаниците на прашањето „Што се причините поради кои одлучивте да се сместите во студентски дом?“[15]

Запрашани за поединечни аспекти од животниот стандард во студентските домови, студентите даваат просечна оцена од 2,39 (M = 2,39; SD = 0,65). Најниски просечни оцени за квалитетот на животниот стандард во домовите добиваат следните аспекти: редовните вежби за однесување во случај на пожар, земјотрес, поплава и слични несреќи (M = 1,59), културните активности во домот (M = 1,61), достапноста на стабилен интернет (M = 1,69), достапноста на медицинска заштита и услуги (M = 1,83) и помагалата за учење (M = 1,87). Највисоки просечни оцени за квалитетот на животниот стандард во домовите добиваат следните аспекти: мебелот (M = 3,94), достапноста на топла вода (M = 3,13), одделните соби за домување (M = 3,12), заедничките соби (3,03) и генералната безбедност на студентите (M = 2,94).

Најчесто оценувани како недостапни во студентските домови се следните аспекти: редовните вежби за однесување во случај на пожар, земјотрес, поплава и слични несреќи (оценето како недостапно од n = 126 испитаници), помагалата за учење (n = 122), медицинската заштита и услуги (n = 121), културните активности во домот (n = 120) и стабилен интернет (n=109). Во табела 4 се дадени дистрибуциите на одговорите на испитаниците за секој од истражуваните аспекти на квалитетот на живот во студентските домови. Детален преглед на просечните оцени за сите истражувани аспекти на животниот стандард, збирно и за секој од студентските домови, е даден во табела 4 и график 11.

15 Дозволени беа повеќе одговори.

Во домот во кој престојувате, со каков квалитет е …	1	2	3	4	5	6 = Не постои/ не е достапно во домот во кој престојувам.
Топлотната изолација и греењето?	19,67%	21,33%	25,67%	18,33%	13%	2%
Понудената храна? (пр. Количина на оброци, разновидност)	40,33%	28,33%	22,33%	4,33%	3,33%	1%
Звучната изолација?	40,67%	26,33%	14%	9,33%	3,67%	6%
Достапноста на топла вода? (пр. Дали е достапна 24 часа?)	8,33%	24%	29,67%	19,33%	17%	1,67%
Мебелот? (пр. Дали е зачуван, функционален, и сл.)	3%	5,67%	18,67%	38,33%	32,67%	1,67%
Хигиената?	32%	24,33%	23,33%	12,67%	6,67%	1%
Просториите за учење? (пр. читални и библиотеки)	17%	23,67%	29%	13%	16%	1,33%
Помагалата за учење? (пр. компјутери, принтер и фотокопир)	32%	12,67%	8,33%	3,33%	3%	40,67%
Достапноста на стабилен интернет?(пр. Дали интернетот е стабилен и редовно достапен?)	42,33%	9,33%	5%	3,67%	3,33%	36,33%
Поединечните соби за домување?	13,33%	13,33%	25,67%	21,33%	16%	8,33%
Заедничките соби?	12,33%	15,67%	35,33%	17,67%	12,67%	6,33%
Тоалетите?	46%	24,33%	12%	9,33%	6,67%	1,67%
Лифтовите? (пр. Функционалност, безбедност, и сл.)	23%	26,67%	18,33%	7,67%	3,33%	21%
Генералната безбедност на студентите?	16,67%	14,67%	33,67%	20,67%	10,67%	3,67%
Достапна медицинска заштита (лекар и/или медицинска сестра?	32%	13,67%	8%	4%	2%	40,33%
Против-пожарните апарати и цревата за вода?	29,33%	14%	18,33%	8,67%	7,67%	22%
Редовните вежби за однесување во случај на пожар, земјотрес, поплава и слични несреќи?	36,33%	13,33%	5%	2,33%	1%	42%
Културните активности во домот? (Пр. филмски проекции,изложби, претстави)	36%	14,33%	7%	2,33%	0,33%	40%
Достапност на спортски терени и спортски активности во домот?	31%	17,33%	15%	3,67%	1,33%	31,67%

Табела 4: Детален преглед на дистрибуцијата на одговорите на испитаниците на прашањето „На скала од 1 – „Многу лош" до 5 – „Одличен", оценете го квалитетот на долунаведените аспекти на живеење во студентскиот дом во кој престојувате. Во домот во кој престојувате со каков квалитет е …"



График 11: Детален преглед на просечните оцени на скала од 1 до 5 за сите истражувани аспекти на животниот стандард, прикажани за секој од студентските домови.

Како главни причини за состојбата во студентските домови, опишана според оценките на испитаниците, најчесто одбрани беа одговорите кои се однесуваат на нискиот степен на грижа за тековното одржување и хигиената во домовите од страна на самите студенти, немањето доволно финансиски средства за подобрување на условите за живот во домот и перцепцијата за ниското ниво на заинтересираност на раководството за подобрување на условите за живот во домот. Детален преглед на причините за состојбата во студентските домови, според ставовите на испитаниците, е даден во график 12.

График 12: Детален преглед на одговорите на испитаниците на прашањето „Според Вас, кои се главните причини за состојбата во студентскиот дом што ја опишавте погоре?"[16]

16 Дозволени беа максимум три одговори.

Според испитаниците, за да се подобрат условите за живот во студентските домови, најдобро би било да се зголемат финансиите за реновирање на студентскиот дом и за подобрување на квалитетот на условите за живот, да се организираат акции за расчистување и разубавување на просторот и да се внесат нови содржини/активности во домовите. Во график 13 е даден детален преглед на ставовите на испитаниците околу потребните чекори за подобрување на условите за живот во студентските домови.

График 13: Детален преглед на одговорите на испитаниците на прашањето „Според Вас, што би требало да се направи за да се подобрат условите за живот во студентскиот дом во кој престојувате?“[17]

17 Дозволени беа максимум три одговори.

Учество на студентите во носењето одлуки поврзани со квалитетот на живот во студентските домови

Мнозинството од испитаниците (91,67%; n = 275) никогаш не биле вклучени во процесот на носење одлуки во студентските домови во кои престојуваат за прашања кои ги засегаат како студенти-станари. Само 8,33% од испитаниците (n = 25) до сега имале такво искуство на теми поврзани со топлата вода, греењето и разновидноста на храната.

Само тројца испитаници имаат спомнато конкретни механизми преку кои биле вклучени во процесот на донесување одлуки: средби со раководни лица, протест и работна акција организирана од страна на МОФ. Во график 14 е даден детален преглед за искуството на испитаниците (n = 25) кои досега биле вклучени во процесот на носење одлуки кои ги засегаат како студенти-станари.

График 14: Детален преглед на одговорите на испитаниците на прашањето „Какво беше Вашето искуство кога бевте вклучени во процесот на носење одлуки?", наменето за испитаниците кои претходно изјавиле дека досега биле вклучени во процесот на донесување одлуки (n = 25).

Кога станува збор за причините зошто никогаш не биле вклучени во носењето одлуки кои ги засегаат како студенти-станари, најголемиот дел од испитаниците посочуваат на недостаток на време за таков ангажман, неинформираност за начините на кои би можеле да се вклучат во донесувањето одлуки и недостатокот од верба дека нешто би можеле да променат, дури и ако се вклучат во процесите на носење одлуки. Во график 15 даден е детален преглед на причините поради кои испитаниците досега не биле вклучени во носењето одлуки кои ги засегаат како студенти станари.

График 15: Детален преглед на одговорите на испитаниците на прашањето „Кои се Вашите причини за невклучување во процесот на носење одлуки во студентскиот дом во кој престојувате?“, наменето за испитаниците кои досега не биле вклучени во процесите на носење одлуки (n = 275).[18]

Мнозинството испитаници (76 %; n = 228) не знаат каде би можеле да се обратат ако имаат идеја за студентска активност која би сакале да се случи во рамките на студентскиот дом во кој престојуваат. Останатите испитаници (24 %; n = 72) знаат каде би можеле да се обратат ако имаат таква идеја. Во график 16 е даден детален преглед на одговорите на испитаниците каде би можеле да се обратат.

18 Дозволени беа максимум три одговори.

График 16: Детален преглед на одговорите на испитаниците на отворено прашање „Каде/кај кого би можеле да се обратите ако имате идеја за студентска активност која би сакале да се случи во рамките на студентскиот дом во кој престојувате?", наменето за испитаниците кои претходно одговориле дека знаат каде да се обратат ако имаат идеја за студентска активност (n = 72).

Една четвртина од испитаниците (24,67 %; n = 74) не знаат каде би можеле да се обратат ако имаат проблем во студентскиот дом (пр. расипана чешма, скршен прозорец, недоволно храна, нарушена безбедност итн.). Големо мнозинство од испитаниците (75,42%; n = 227) знаат каде можат да се обратат ако имаат некаков проблем во студентскиот дом. Во график 17 е даден детален преглед на одговорите на испитаниците каде би можеле да се обратат.



График 17: Детален преглед на одговорите на испитаниците на отворено прашање „Каде/кај кого би можеле да се обратите ако имате некаков проблем во студентскиот дом?", наменето за испитаниците кои одговориле дека знаат каде да се обратат ако имаат проблем (n = 227).

Мнозинството испитаници (93 %, n = 279) на прашањето дали знаат како се трошат финансиските средства наменети за функционирањето на домот одговориле негативно. Од оние кои одговориле, пак, позитивно (7 %, н = 21), само двајца испитаници посочија дека се информираат за трошењето на средствата од огласната табла. Сите останати испитаници (n = 19) во одговорот на отворено прашање за тоа каде се информираат за начинот на кој се трошат финансиите наменети за студентските домови ги споделуваат своите перцепции за трошењето на парите (изворно пренесени коментари: *„Во цебот на директорот одат парите“; „За кафана“; „За лични потреби на овластените лица во домот“; „Стари долгови“).*

Како најчитани меѓу документите кои се поврзани со сместување во студентските домови се издвојуваат конкурсот за добивање легло во студентски дом (прочитан од 77,33 % од испитаниците, n = 232), договорот за користење на услугите на студентскиот дом во кој престојуваат (прочитан од 71 % од испитаниците, n = 213) и куќниот ред на студентскиот дом во кој престојуваат (прочитан од 60 % од испитаниците, n = 180). Од друга страна, мнозинството од испитаници не знаат дека постојат документи како годишен извештај за работата на студентските домови (50 %; n = 150), годишната програма за работа на студентските домови (49,33 %; n = 148) и финансискиот извештај за работа на студентските домови (45,67 %; n = 137). Детален преглед за одговорите на испитаниците во однос на секој документ вклучен во истражувањето е даден во табела 5.

Назив на документ/тврдење	Го имам прочитано.	Го немам прочитано, но знам дека постои.	Го немам прочитано и не знам дали постои.
Правилник на студентскиот дом во кој престојувате	51,67%	31%	17,33%
Статут на студентскиот дом во кој престојувате	28,67%	39%	32,33%
Закон за студентски стандард	17,33%	42%	40,67%
Конкурс за добивање легло во дом	77,33%	12,67%	10%
Годишна програма за работа на студентскиот дом во кој престојувате	14,33%	36,33%	49,33%
Договор за користење на услугите на студентскиот дом во кој престојувате	71%	18,33%	10,67%
Куќен ред на студентскиот дом во кој престојувате	60%	23%	17%
Годишен извештај за работа на студентскиот дом во кој престојувате	11%	39%	50%
Финансиски извештај за работа на студентскиот дом во кој престојувате	11,33%	43%	45,67%

Табела 5: Детален преглед на дистрибуцијата на одговорите на испитаниците на прашањето „Кој од овие документи ги имате прочитано?"

За да се провери нивото на запознаеност на студентите-станари со основните управни органи кои постојат во државните студентски домови, на испитаниците им беше поставено прашање каде требаше да ги одберат управните органи кои постојат во рамки на студентските домови според информациите со кои располагаат. Беше понудена листа со десет опции која е достапна во Анекс 1. Најчесто избрани одговори беа директор на ДСД „Скопје", управител на студентскиот дом во кој престојуваат и управител на ДСД „Скопје", од кои првите два управни органи се пропишани во законската регулатива, а третиот не постои. Во график 18 е даден детален преглед на фреквенцијата на бирање на секој од понудените одговори.



График 18: Детален преглед на фреквенцијата на бирање на понудените опции од страна на испитаниците на прашањето „Според Вашите информации, кои од следните органи постојат во рамки на Државниот студентски дом „Скопје“ и студентскиот дом во кој престојувате?“[19]

Перцепција на корупција во студентските домови

Мнозинството од испитаниците (60 %; n = 180) немаат забележано корупција во студентскиот дом во кој престојуваат, додека останатите (40 %; n = 120) имаат забележано коруптивни дејствија. На оваа тема не се појавуваат разлики помеѓу домовите.

Запрашани за сопственото искуство со коруптивни дејствија, како најчести појави со кои имале личен контакт испитаниците ги издвојуваат користењето врски или лични познанства за добивање студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом и искуство со неправилности при аплицирање, распределување и добивање легло и соба во студентскиот дом. Како најчести појави за кои испитаниците знаат „од втора рака“ (т.е. познаваат некого кому му се случила појавата) се издвојуваат користењето врски или лични познанства за добивање студентско легло, привилегии и/или подобар

19 Дозволени беа повеќе одговори.

третман во студентскиот дом, предодредувањето и доделување легла на припадници на политички партии, како и искуства со неправилности при аплицирање, распределување и добивање легло и соба во студентскиот дом. Како појави со кои испитаниците се помалку запознаени се издвојуваат искуството со влијание, притисоци и/или закани од страна на членови на Советот на станари врз студенти-станари во домот за добивање одредена корист, неправилности при избор на претставници за Советот на станари во студентскиот дом, како и искуства со влијание, притисоци и/или закани од страна на политички партии врз студенти-станари за добивање одредена корист. Детален преглед на дистрибуцијата на одговорите на испитаниците е даден во табела 6.

	Ми се има случено мене.	Познавам некој кому му се случило ова.	Не сум запознаен/а со ваква појава.
Користење врски или лични познанства за добивање студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом	19,94 %	57,59 %	22,47 %
Давање пари, подароци и/или услуги на одговорните лица за добивање студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом	8,47 %	36,81 %	54,72 %
Влијание, притисоци и/или закани од страна на политички партии врз студенти-станари за добивање одредена корист	10,06 %	33,12 %	56,82 %
Влијание, притисоци и/или закани од страна на членови на Советот на станари врз студенти-станари во домот за добивање одредена корист	6,62 %	26,49 %	66,89 %
Предодредување и доделување легла на припадници на политички партии	11,76 %	55,23 %	33,01 %
Предодредување и доделување легла на членови на Студентскиот парламент	10,23 %	40,59 %	49,17 %
Неправилности при избор на претставници за Советот на станари во студентскиот дом	7,62 %	33,11 %	59,27 %
Неправилности при аплицирање, распределување и добивање легло и соба во студентскиот дом	16,99 %	52,88 %	30,13 %

Табела 6: Детален преглед на одговорите на испитаниците на прашањето „Внимателно погледнете ги наведените појави и означете го/ги полето/ињата кои одговараат на Вашето искуство.“[20]

20 Дозволени беа повеќе одговори.

Кога станува збор за личниот став на испитаниците за коруптивните дејствија вклучени во истражувањето, најчести се одговорите дека не би учествувале во наведените појави и би им пречело доколку други луѓе учествуваат во нив. Како појави за кои овој одговор е најчест, се издвојуваат: влијание, притисоци и/или закани од страна на членови на Советот на станари врз студенти-станари во домот за добивање одредена корист (избран од 77,67 % од испитаниците, n = 233), влијание, притисоци и/или закани од страна на политички партии врз студенти-станари за добивање одредена корист (избран од 77 % од испитаниците, n=231), како и предодредување и доделување легла на припадници на политички партии (одбран од 73,33 % од испитаниците, n = 220).

Како коруптивни дејства во кои испитаниците лично не би учествувале, но не би им пречело ако учествуваат други луѓе, најчесто се издвојуваат: користење врски или лични познанства за добивање студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом (избран од 26 % од испитаниците, n = 78), предодредување и доделување легла на членови на Студентски парламент (избран од 26 %, n = 78) и неправилности при избор на претставници за Советот на станари во студентскиот дом (избран од 22,33 %, n = 67). Во табела 7 е даден детален преглед на одговорите на испитаниците за нивниот личен став за коруптивните дејствија вклучени во истражувањето.

	Би учествувал/а во такво дејствие ако тоа ми е неопходно.	Не би учествувал/а, но не ми пречи ако други учествуваат.	Не би учествувал/а во вакво дејствие и ми пречи ако други учествуваат.
Користење врски или лични познанства за добивање на студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом	18,33 %	26 %	55,67 %
Давање пари, подароци и/или услуги на одговорните лица за добивање студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом	9,33 %	22 %	68,67 %
Влијание, притисоци и/или закани од страна на политички партии врз студенти-станари за добивање одредена корист	5 %	18 %	77 %
Влијание, притисоци и/или закани од страна на членови на Советот на станари врз студенти-станари во домот за добивање одредена корист	4,33 %	18 %	77,67 %
Предодредување и доделување легла на припадници на политички партии	4,67 %	22 %	73,33 %
Предодредување и доделување легла на членови на Студентскиот парламент	6,33 %	26 %	67,67 %
Неправилности при избор на претставници за Советот на станари во студентскиот дом	6 %	22,33 %	71,67 %
Неправилности при аплицирање, распределување и добивање легло и соба во студентскиот дом	12 %	19,67 %	68,33 %

Табела 7: Детален преглед на одговорите на испитаниците на прашањето „Внимателно погледнете ги наведените појави и означете го полето кои одговараат на Вашиот став.“

На тема пријавување на коруптивни дејствија кај надлежни органи, најчесто испитаниците изјавуваат дека не знаат како би реагирале доколку дознаат за одредена појава. Најчеста појава за која испитаниците би пријавиле кај надлежните органи е влијание, притисоци и/или закани од страна на политички партии врз студенти станари за добивање одредена корист, по што следуваат влијание, притисоци и/или закани од страна на членови на Советот на станари врз студенти станари во домот за добивање одредена корист, како и давање пари, подароци и/или услуги на одговорните лица за добивање студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом. Сепак, вреди да се напомене дека високи 53 % од испитаниците (n = 159) одговориле дека не би пријавиле

кај надлежните органи минимум една од коруптивните појави вклучени во истражувањето. Во табела 8 е даден детален преглед на одговорите на испитаниците за нивниот личен став за пријавување на коруптивните дејствија кај надлежни органи.

	Ако дознаам за ваква појава, би пријавил/а кај надлежните органи	Не би пријавил/а кај надлежните органи	Не знам како би реагирал/а ако дознаам за ваква појава
Користење врски или лични познанства за добивање студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом	35 %	25 %	40 %
Давање пари, подароци и/или услуги на одговорните лица за добивање студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом	34,67 %	23,67 %	41,67 %
Влијание, притисоци и/или закани од страна на политички партии врз студенти-станари за добивање одредена корист	28,67 %	31,67 %	39,67 %
Влијание, притисоци и/или закани од страна на членови на Советот на станари врз студенти- станари во домот за добивање одредена корист	28,67 %	27,33 %	44 %
Предодредување и доделување легла на припадници на политички партии	28,33 %	30,33 %	41,33 %
Предодредување и доделување легла на членови на Студентскиот парламент	28 %	29 %	43 %
Неправилности при избор на претставници за Советот на станари во студентскиот дом	27 %	29 %	44 %
Неправилности при аплицирање, распределување и добивање легло и соба во студентскиот дом	24,67 %	34 %	41,33 %

Табела 8: Детален преглед на одговорите на испитаниците на прашањето „Внимателно погледнете ги наведените појави и означете го полето кое одговара на Вашиот личен став за пријавување на коруптивни дејствија кај надлежните органи.“

На испитаниците кои барем еднаш одговориле со „Не би пријавил/а кај надлежните органи“, им беше поставено дополнително прашање за нивните причини за непријавување корупција. Како најчеста причина испитаниците наведуваат дека пријавувањето на корупција нема ништо да промени, стравот дека пријавување на корупција би можело да доведе до губење на студентското легло и незнаењето каде да пријават корупција. Во график 19 е даден детален преглед на причините поради кои испитаниците не би пријавиле корупција.

График 19: Детален преглед на одговорите на испитаниците на отворено прашање „Кои се Вашите причини за непријавување на корупција?“, наменето за испитаниците кои претходно одговориле барем еднаш дека не би пријавиле корупција (n = 159).[21]

21 Дозволени беа повеќе одговори.

На прашањето дали знаат каде би можеле да пријават корупција мнозинството од испитаниците (89,33 %; n = 268) одговориле дека не знаат каде би можеле да пријават корупција, додека само 10,33 % (n=31) изјавиле дека знаат. Во график 20 е даден детален преглед на одговорите на испитаниците на отворената прашање каде би можеле да пријават коруција.



График 20: Детален преглед на одговорите на испитаниците на отворената прашање „Каде би можеле да пријавите корупција?“, наменето за испитаниците кои претходно одговориле дека знаат каде да пријават корупција (n = 31).

Како најчести причини за постоењето на корупција во студентските домови, испитаниците ги наведуваат ниската контрола врз службите во домовите, немањето санкции за корупцијата и забрзувањето на процедурата за добивање на студентско легло преку корупција. Во график 21 е даден детален преглед на одговорите на испитаниците за причините за постоењето на корупцијата во студентските домови.



График 21: Детален преглед на одговорите на испитаниците на отворено прашање „Според Вас, што се најчестите причини за корупција во студентскиот дом во кој престојувате?"[22]

22 Дозволени беа повеќе одговори.

Дискусија

Како главна цел за подетално и сеопфатно истражување на студентскиот стандард во државните студентски домови во Скопје, овој проект се потпре на два истражувачки пристапи: анализа на правна рамка и стратешки документи, и теренско анкетирање на случајно избран примерок од студенти-станари. Во овој дел се дадени согледувања на авторите кои произлегуваат од резултатите од двата истражувачки пристапи.

За контекстуализацијата на сите овие наоди особено важен е податокот дека за 70 % од испитаниците клучен фактор при одлучувањето да се сместат во студентски дом е ниската цена на сместувањето. Со други зборови, студентите кои одлучуваат да се сместат во студентски дом го прават тоа поради неможност да си дозволат сместување во подобри услови за живот.

Просечната оцена за генералниот квалитет на живот во студентските домови, на скала од 1 до 5, е 2,93, што укажува на перцепција за низок животен стандард во државните студентски домови и ниско ниво на задоволство на студентите од условите за живот кои ги имаат во домовите во кои престојуваат.

Дополнително, доколку се земат предвид остварените реновирања во последните неколку години, разликите во оцените за квалитетот на живот помеѓу студентските домови се очекувани (2,5 за „Кузман Јосифовски – Питу“, 2,51 за „Стив Наумов“ и 3,79 за „Гоце Делчев“). Оваа очекувана разлика во просечните оцени за трите студентски домови ги илустрира и практичните разлики во условите за живот во секој од домовите. Сепак, и покрај разликите во оцените за условите за живот во домовите, најважните прашања со кои студентите-станари се соочуваат се заеднички за целиот примерок. Лошите услови за живот во студентските домови, недостатокот на средства и простории за учење, и недостатокот на спортски и културни активности јасно се издвојуваат како главни полиња од интерес за студентите-станари. Слично на издвоените најважни прашања со кои се соочуваат, испитаниците како приоритетни начини за подобрување на животниот стандард во домовите ги издвојуваат зголемувањето на финансиите за реновирање и подобрување на квалитетот на условите за живот во домовите, организирањето акции за расчистување и разубавување на просторот и внесувањето на нови содржини/активности во домовите.

Како аспекти од студентскиот стандард кои би биле добра почетна точка за подобрување на состојбата во студентските домови вреди да се споменат и аспектите кои најчесто беа издвојувани како целосно недостапни во домовите: редовните вежби за однесување во случај на

пожар, земјотрес, поплава и слични несреќи, културните активности во домот, достапноста на стабилен интернет, медицинска заштита и услуги, како и помагалата за учење. Сепак, од сите понудени опции, студентите дадоа ниски или средни оценки на останатите истражувани аспекти како достапноста на топлата вода и безбедноста во домот.

Важно е да се потенцира дека како главни причини за нискиот животен стандард во државните студентски домови, освен немањето доволно финансиски средства за подобрување на условите за живот во домовите и перцепцијата за ниско ниво на заинтересираност на раководството, испитаниците најчесто посочуваа на нискиот степен на грижа за тековното одржување и хигиената во домовите од страна на самите студенти. Со други зборови, постои одредено ниво на свесност за придонесот на студентите кон подобрувањето на животниот стандард во домовите, но често ова е во конфликт со нивната пасивност, неинформираност и/или незаинтересираност како што ќе стане збор подоцна во дискусијата.

Од друга страна, според законската регулатива, студентските домови се установи кои обезбедуваат сместување, исхрана, грижа за здравјето, културно-забавни и спортско-рекреативни активности. Анализираните документи (меѓу кои и правната рамка, програмите за работа на ДСД „Скопје“ и финансиските програми на Владата на РСМ за периодот 2010-2019) делумно ги уредуваат прашањата поврзани со горенаведените категории, но изостануваат информации поврзани со културно-забавните и спортско-рекреативните активности. Важно е да се напомене дека според добиените документи, постои институционална свесност за нискиот студентски стандард во државните домови која е документирана во програмите за работа на домовите во периодот од 2013 до 2018 година. Слично како и приоритетите кои ги издвоија испитаниците во ова истражување, и управата на државните студентски домови во стратешките документи како главни полиња на работа најчесто ги издвојува потребата за подобрување на комуналните аспекти, уредување на просторот и набавка на нов инвентар, како и воспитно-образовните и спортските активности наменети за студентите-станари. Со други зборови, државните студентски домови се соочуваат со сериозни проблеми што е воочливо во годишните програми на домовите, кои во најголем дел се фокусираат на санирање на штетите и набавка на елементарни предмети за функционирање на домот.

Сепак, и покрај евидентираната потреба за подобрување на условите за живот во државните студентски домови, која е често споменувана во стратешките документи за работа, во нив изостануваат акциски планови со јасно дефинирани активности, критериуми за мониторирање на напредокот и годишна евалуација на состојбата во домовите (на пр. информациите за спортски активности најчесто се

однесуваат на организирање годишни натпревари, но непознато е дали нивното спроведување е доволно за исполнување на приоритетната цел во полето на спортски активности за студентите-станари). Овие суштински недостатоци на стратешките документи за работа влијаат негативно на неопходниот континуитет во институционалната работа, како и на можноста за внатрешно и надворешно оценување на работата на државните студентски домови.

Кога станува збор за процесите за носење одлуки и студентското учество во нив, од анализираните документи може да се увиди дека управувањето во сферата е поделено на неколку актери, кои учествуваат во колективни тела на одлучување како на пример управен одбор и посебни комисии. Комисиите во најголем дел вклучуваат преставници на универзитетот каде домот е придружна членка, како и студенти.

Според изложеното, студентите се вклучени во процесите на носење одлуки преку свои претставници во комисијата за прием на студенти во домот која ја формира МОН, управните одбори на домовите и комисијата за дисциплински мерки во домовите. Дополнително, предвидено е и постоење на совети на станари кои ќе се грижат за работите од интерес на студентите во домовите, но тие немаат конкретно дефинирани надлежности во добиените документи што влијае негативно на нивната формално-правна улога во процесите на носење одлуки.

Според добиените одговори од ДСД „Скопје“, во секој од составите на управниот одбор на ДСД „Скопје“ во периодот меѓу 2009 и 2019 бил вклучен и еден студент. Во секоја последователна година, членот-студент бил претседател на Студентскиот парламент при УКИМ, освен во 2016 и 2017 година. Во 2013, управниот одбор вклучувал двајца студенти од кои еден актуелен и еден поранешен претседател на СПУКМ. Според ова, може да се заклучи дека основните услови за учество на студентите во носењето одлуки се законски задоволени, но поради недостаток на јавно достапни информации презентирани од страна на СПУКМ и ДСД „Скопје“ тешко е да се оцени работата на студентските претставници и нивните заложби.

Кога станува збор за советите на станари во периодот меѓу 2009 и 2019 за кои беа побарани листите на членови од ДСД „Скопје“, беа добиени информации само за 2013, 2014 и 2016 година. Непознато е дали во студентските домови постоеле вакви тела во другите години и како функционирале. Дополнително, заради недостигот на транспарентно работење на СПУКМ (Алексоски и др., 2015), непознато е кои конкретни активности биле преземани од страна на советите на станари во домовите. Земајќи ги предвид случувањата од минатите години поврзани со студентското движење „Студентски пленум“ и оспорувањето на легитимитетот на студентската претставничка организација СПУКМ (повеќе за оваа тематика во Здравковска и Барлаковски, 2016; Алексоски

и др., 2015) која досега ги делегираше претставниците во управните органи на ДСД „Скопје“ и ја организираше работата на советите на станари во домовите, како и процесите за менување на легислативата која ја дефинира формата на студентската претставничка организација, во ДСД „Скопје“ не се формирани совети на станари за академските години 2017/2018 и 2018/2019 (Радио МОФ, 2019).

Наодите од теренското анкетирање за студентското учество во процесите на носење одлуки кои директно ги засегаат како станари во домовите дополнително ја усложнуваат сликата за студентско учество. Високи 92 % од испитаниците изјавиле дека досега никогаш не учествувале во носењето одлуки за условите за живот во домовите, а како причини за ова најчесто посочуваат на недостаток на време за таков ангажман, неинформираност за механизмите на учество и немањето верба дека нешто би можеле да променат дури и да се вклучат во процесите на носење одлуки. Слично на ова, дури 76 % од испитаниците не знаат каде би можеле да се обратат ако имаат идеја за студентска активност која би сакале да се случи во студентскиот дом во кој престојуваат. Од друга страна, 76 % од испитаниците знаат каде би можеле да се обратат ако имаат некаков проблем во студентскиот дом, при што најчесто споменувани се управата и портирите. Овие три податоци посочуваат на пасивна улога на студентите кои, од една страна, не се вклучуваат во процесите на донесување одлуки и не знаат каде би можеле да предложат своја идеја за студентска активност, но знаат каде/кому да му се обратат за решавање на одреден проблем кој го имаат. Кога станува збор за нивото на информираност на студентите-станари за функционирањето на домот, резултатите повторно посочуваат на ниско ниво на интерес. Дури 93 % не знаат како се трошат финансиските средства наменети за функционирањето на домовите, а повеќе од 70 % од испитаниците имаат ниски основни познавања за управните органи кои функционираат во рамки на државните студентски домови и се одговорни за начинот на нивната работа.

Кога станува збор за корупција во студентските домови, правните акти од областа на студентскиот стандард и документите кои ја уредуваат работата на државните студентски домови, не нудат одредби за спречување или забрана на коруптивни дејствија. Со други зборови, во случаи на коруптивни дејствија, применливи се одредбите од Казнениот законик и Законот за спречување на корупција. Како тема, корупцијата е спомената само еднаш во програмата за работа на ДСД „Скопје“ од 2014 година каде се предвидува формирање на комисија за спречување на препродажба на легла, што укажува дека во домовите биле забележани коруптивни или нечесни дејствија и управата одлучила да преземе мерки по тоа прашање. Сепак, непознато е дали оваа комисија била формирана и какви активности презела. Таа не е спомната во програмите за работа во следните години.

Според податоците од теренското анкетирање, 40 % од испитаниците забележале корупција во студентскиот дом во кој престојуваат. Дополнително, иако 60 % од испитаниците изјавуваат дека немаат забележано корупција во студентскиот дом во кој престојуваат, сепак кога испитаниците беа прашани за конкретни појави на корупција и нечесност, податоците покажуваат поинаква слика. Повеќе од една третина од испитаниците имале лично искуство со некоја од истражуваните појави и/или познаваат некој кому му се случиле. Овој податок покажува дека студентите имаат потесно сфаќање на терминот „корупција“ во кое не влегуваат одредени дејствија (иако, според македонското законодавство, се казниви).

Како позитивен тренд се издвојуваат тврдењата на повеќе од 70 % од испитаниците дека не би учествувале во истражуваните коруптивни дејствија и би им пречело доколку други луѓе учествуваат во коруптивни појави како влијание, притисоци и/или закани од страна на членови на Советот на станари и политичките партии врз студенти станари за добивање одредена корист, како и предодредување и доделување легла на припадници на политички партии.

Спротивно на ова, 20-25 % од испитаниците не би учествувале во некои од истражуваните коруптивни дејства, но не би им пречело доколку некој друг учествува во такви дејства (како што се користењето врски или лични познанства за добивање студентско легло, привилегии и/или подобар третман, предодредување и доделување легла на членови на Студентски парламент, и неправилности при избор на претставници за советите на станари). Кога станува збор за пријавувањето на корупцијата кај надлежните органи, дури 89 % од испитаниците не знаат каде би можеле да пријават корупција, а дури 53 % од испитаниците одговориле дека не би пријавиле кај надлежните органи минимум за една од истражуваните коруптивни дејства.

Како главни причини за непријавување на корупција, испитаниците ги издвојуваат немањето доверба дека пријавувањето на корупција би променило нешто и незнаењето каде да пријават корупција. Алармантен е податокот дека висок процент од студентите не би пријавиле корупција од страв дека би можеле да го изгубат своето легло. Голем дел од студентите одговорија и дека не би пријавиле корупција затоа што тоа нив не ги засега, што сведочи за незаинтересираност меѓу студентите за борбата против корупцијата во нивното опкружување. Едно од потенцијалните објаснувања е дека изборот на пасивен став е одговор на ниската доверба дека нештата можат да се сменат или стравот од губење на леглото. Од добиените одговори е воочливо дека студентите имаат повисоко ниво на толеранција спрема непотизмот (т.е. користењето врски и познанства за добивање на одредени придобивки), во споредба со поткупот.

Студентите-станари кои учествуваа во истражувањето како најчести причини за постоењето на корупција во студентските домови ги издвојуваат ниската контрола врз службите во домовите и немањето санкции за корупцијата (што е директно поврзано со недостатокот од информации за работата на ДСД „Скопје“ во полето на корупција, како што е објаснето погоре), како и потребата од корупција за забрзување на процедурата за добивање студентско легло.

Заклучок

Преку ова истражување, кое се потпира на анализа на правна рамка и стратешки документи и теренско анкетирање на случајно избран примерок од студенти-станари, МОФ дава свој придонес во проценатa на состојбата во државните студентски домови, како и потребите на студентите-станари. Како клучни наоди се издвојуваат релативно ниската просечна оцена (2,93 на скала од 1 до 5) за генералниот квалитет на живот во државните студентски домови, со очекувани разлики помеѓу домовите поради реновирањата во последните години. Она што е уште поважно е дека постои совпаѓање на приоритетите за подобрување на студентскиот стандард во домовите меѓу управата и студентите, но недостатоците на стратешките документи оневозможуваат квалитетно спроведување, мониторирање и оценување на напредокот на полето на студентски стандард. Кога станува збор за студентското учество, анализираните документи посочуваат на постоење минимални услови за негово остварување, но поради недостаток на информации во последниве години, невозможно е да се направи подлабока анализа.

Од друга страна, наодите од теренското анкетирање на студентите-станари посочуваат на ниско ниво на информираност и заинтересираност кај студентите. На тема корупција, неопходно е да се нагласи дека постојат индикации дека управата на државните студентски домови забележала коруптивни дејствија во домовите, но не постојат информации за активностите на управата на ова поле. Последно, според наодите од теренското анкетирање, мнозинството од студентите не знаат каде можат да пријават корупција и не би пријавиле барем една од истражуваните коруптивни појави.

Препораки

Препораки за краткорочни мерки

- Државниот студентски дом „Скопје“, во соработка со надлежните институции, да направи темелна проценка на состојбата во секој од домовите во однос на условите за живот, по што би се изработил детален план за подобрување на квалитетот на студентскиот стандард во домовите;
- Владата на Република Северна Македонија да обезбеди средства од државниот буџет за подобрување на квалитетот на условите за живот во студентските домови;
- Министерството за образование и наука редовно да ги спроведува планираните јавни набавки за капитални инвестиции, како што се санирање на домовите, опремување со инвентар, реновирање на мензите и сл.;
- Државниот студентски дом „Скопје“ да ги усогласи статутот и интерните акти согласно измените на Законот за студентски стандард;
- Државниот студентски дом „Скопје“ да го зголеми нивото на транспарентност кон студентите и поширокаата јавност, со јавно објавување на сите документи (статути, правилници, одлуки и сл.);
- Државниот студентски дом „Скопје“, во соработка со Министерството за образование и наука, да изработи програми за неформално образование кои би се спроведувале во рамките на домовите;
- Државниот студентски дом „Скопје“, во соработка со Агенцијата за млади и спорт, да креира програма за спорт и спортски активности;
- Државниот студентски дом „Скопје, во соработка со Министерството за култура, да ја поттикне и да ја поддржува културната надградба на студентите-станари преку обезбедување редовни (бесплатни) посети на културно-уметнички институции и настани;
- Во студиската 2019/2020 година Државниот студентски дом „Скопје“ да обезбеди услови за фер и транспарентни избори на совет на станари во сите три дома и формирање на Совет на станари на ниво на ДСД;
- Државниот студентски дом „Скопје“ да утврди соодветен модел на делегирање на студенти во телата на одлучување во домот од страна на советите на станари;
- Државниот студентски дом „Скопје“ да утврди модернизиран систем за водење на целосна документација за студентите која ќе ги содржи основните демографски податоци, за да можат да се користат во понатамошни истражувања за студентскиот стандард;
- Државниот студентски дом „Скопје“ да воспостави модерни канали (пр. е-пошта) за комуникација со студентите кои ќе се користат како централно место за информирање на сите станари во домовите;
- Од следната академска година, при потпишување на договор за добивање на легло, студентите да добиваат целосна документација за ДСД „Скопје“ која ќе вклучува

кодекс на однесување, правилници и програми за работа, прирачник за права и обврски на станарите;

- Вклучување на студентите во активности за разубавување и унапредување на средината во и околу домовите;
- Организирање на средби со органите кои ги штитат студентите од коруптивни дејствија (пр. Министерство за внатрешни работи, Државен просветен инспекторат итн.), со цел информирање и зголемување на довербата кон нив.

Препораки за долгорочни мерки

- Државниот студентски дом „Скопје“ да ги обезбеди неопходните ресурси за спроведување на програмите за (не)формално образование во домовите и за спорт и спортски активности, како и нивен мониторинг, евалуација и ревизија;
- Државниот студентски дом „Скопје“ континуирано да работи на подобрување и модернизирање на квалитетот на условите за живот во домовите и услугите кои им се нудат на студентите-станари;
- Државниот студентски дом „Скопје“ редовно да ги известува студентите-станари за преземените активности од страна на управата;
- Државниот студентски дом „Скопје“ да работи на градење на капацитетите на советите на станари за градење ставови, претставување и лобирање во телата на одлучување;
- Државниот студентски дом „Скопје“ континуирано да работи на зголемување на нивото на информираност кај станарите за внатрешното функционирање на домот, како и можните форми на корупција и механизмите за нејзино пријавување кај надлежните органи (пр. преку спроведување на обуки/состаноци со станарите на домовите, изработка на информативни материјали итн.);
- Државниот студентски дом „Скопје“, во соработка со Агенцијата за млади и спорт, да работи на опремување и приспособување на простории, спортски игралишта и/или сали за спортски активности на станарите;
- Диверзификација на годишните програми на домот и унапредување на систематизираниот пристап кон предлог-проектите за секоја одделна единица;
- Изработка на акциски планови за работа кои ќе ги следат општите предлози во годишните програми, и континуирано следење на преземените активности кон исполнување на целите;
- Организирање на информативни кампањи за видовите, ефектите и начините за спречување различен вид коруптивни дејствија, во соработка со Државниот просветен инспекторат, Државната комисија за спречување корупција и невладиниот сектор;
- Државниот студентски дом „Скопје“ да изработува и спроведува годишни евалуации на искуствата и ставовите на студентите-станари, како и редовни консултации со станарите. Податоците од евалуациите и консултациите да се користат континуирано за изработка на стратешките документи на домовите;
- Зачестен увид во работата на одговорните лица и соодветна примена на законските решенија во случаи кога извршуваат нечесни дејствија.

Користена литература

- Автор: непознат (2019). „Каде е клучот од диското и што се случува со Советите на станари во студентските домови“, Радио МОФ. Достапно на: https://www.radiomof.mk/kade-e-kluchot-od-diskoto-i-shto-se-sluchuva-so-sovetite-na-stanari-vo-studentskite-domovi
- Автор:непознат (2019). „Се срушил плафон од тоалет во Стив Наумов“. Радио МОФ. Достапно на https://www.radiomof.mk/se-srushil-plafon-od-toalet-vo-stiv-naumov
- Алексоски М, Божовиќ С., Галевски М., Живковиќ А., Мирчевска М. (2015). „Анализа на студентското организирање и учество во Македонија“, Младински образовен форум
- Влада на Северна Република Македонија (2019). „Од 139-та седница на Владата: Сите институции ќе работат Охридскиот регион да остане под закрила на УНЕСКО; Одобрена реконструкција на студентскиот дом „Стив Наумов“; Виктор Димовски - директор на АНБ“
- Влада на Република Македонија (2010). Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард во 2010 година
- Влада на Република Македонија (2011). Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард во 2011 година
- Влада на Република Македонија (2012). Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард во 2012 година
- Влада на Република Македонија (2013). Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард во 2010 година
- Влада на Република Македонија (2014). Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард во 2010 година
- Влада на Република Македонија (2015). Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард во 2010 година
- Влада на Република Македонија (2016). Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард во 2016 година
- Влада на Република Македонија (2017). Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард во 2017 година
- Влада на Република Македонија (2018). Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард во 2018 година
- Влада на Република Северна Македонија (2019). Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард во 2019 година
- Државен студентски центар-Скопје (2013). Програма за работа на Државен студентски центар-Скопје
- Државен студентски дом-Скопје (2014). Програма за работа на Државен студентски дом-Скопје

- Државен студентски дом-Скопје (2015). Програма за работа на Државен студентски центар-Скопје
- Државен студентски дом-Скопје (2016). Програма за работа на Државен студентски центар-Скопје
- Државен студентски дом-Скопје (2017). Програма за работа на Државен студентски центар-Скопје
- Државен студентски дом-Скопје (2018). Програма за работа на Државен студентски центар-Скопје
- Закон за студентскиот стандард. Консолидиран текст (2016) „Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/16 и 178/16
- Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје (2013). Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
- Министерство за образование и наука (2007). Правилник за начинот на прием на студентите во државните студентски домови. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2007
- Министерство за образование и наука (2014). Правилник за нормативите и стандардите за опрема, простор и кадар во студентските домови
- Државен студентски дом-Скопје (2015). Статут на Државен студентски дом-Скопје
- Државен студентски центар-Скопје (1999). Деловодник за работа на Државен студентски дом-Скопје
- Закон за високото образование (2018). „Службен весник на Република Македонија“, бр. 82/2018
- Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси (2019). „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.12/2019
- Закон за студентски стандард (2013). „Службен весник на Република Македонија“ број 15/13, 30/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19
- Здравковска, Д., Барлаковски, П., (2016). Работата и функционалноста на студентските парламенти при факултетите на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје. Младински образовен форум
- Кривичен законик (1996). Службен весник на Република Македонија бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014,115/2014, 132/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017
- Студентски пленум (2015). „Политички ветувања за студентските домови во Скопје за период 2002-2015“. Достапно на: https://libertas.mk/wp-content/uploads/2015/11/87549043903403204389.jpg
- Живковиќ А.,(2016). Корупција во високо образование: Анализа со посебен осврт на работата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Младински образовен форум.
- Shaughnessy, J.J., Zechmeister, E.B. and Zechmeister, J.S., (1990). Research methods in psychology.

Анекс 1

Прашалник за студентски домови

Младинскиот образовен форум спроведува истражување кое ги опфаќа: квалитетот на живот во студентските домови, вклученоста на студентите во носењето одлуки кои ги засегаат, како и студентската перцепција за корупција во студентските домови. Со истражувањето се анализираат искуствата и перцепцијата на студентите за овие теми, како и механизмите кои им се достапни на студентите за подобрување на состојбата. Пополнувањето на прашалникот ќе ви одземе 15 мин. Вашето учество е анонимно и доброволно, а одговорите ќе се анализираат групно и ќе служат исклучиво за истражувачки цели. Однапред ви благодариме за соработката.

Прашања за квалитет на живот во студентските домови

1. Генерално, како би го оцениле квалитетот на живот во студентскиот дом во кој престојувате?

1 = Многу лош

2

3

4

5 = Одличен

2. Кои се најважните три прашања со кои се соочуваат студентите-станари во студентскиот дом во кој престојувате?

Дозволени се максимум три одговори.

а) Недостаток на културни и спортски активности

б) Лоши услови за живот во домот (пр. мебел, хигиена, греење, топла вода, храна и сл.)

в) Недостаток на средства и простории за учење (пр. компјутери, читални, библиотеки)

г) Присуство на корупција (непотизам, политички притисоци, продавање на легла, манипулации со списоци и сл.)

д) Незаинтересираност и неинформираност на студентите за правилата и системот на функционирање на домовите

ѓ) Прекршување на правилата на студентскиот дом од страна на одговорните лица (управа и администрација)

е) Прекршување на правилата на студентскиот дом од страна на студентите-станари

ж) Друго: _

3. Што беше пресудно за Вашата одлука да се сместите во студентски дом?

а) Иако можам да си дозволам приватно сместување, сместувањето во студентски дом е значително поевтино.

б) Не можам да си дозволам приватно сместување, студентскиот дом е единствената опција.

в) Голем број од моите другар(к)и живеат во студентски дом.

г) Моите родители сметаат дека сместување во студентски дом е подобро за мене.

д) Имав негативно искуство со приватно сместување, па одлучив да се сместам во студентски дом.

ѓ) Друго: _

4. На скала од 1 = „Многу лош“ до 5 = „Одличен“, како би го оцениле квалитетот на следните аспекти на живеење во студентскиот дом во кој престојувате?

Во домот во кој престојувате, со каков квалитет е …	1	2	3	4	5	6 = Не постои/ не е достапно во домот во кој престојувам.
Топлотната изолација и греењето?	1	2	3	4	5	6
Понудената храна? (пр. Количина на оброци, разновидност)	1	2	3	4	5	6
Звучната изолација?	1	2	3	4	5	6
Достапноста на топла вода? (пр. Дали е достапна 24 часа?)	1	2	3	4	5	6
Мебелот? (пр. Дали е зачуван, функционален, и сл.)	1	2	3	4	5	6
Хигиената?	1	2	3	4	5	6
Просториите за учење? (пр. читални и библиотеки)	1	2	3	4	5	6
Помагалата за учење? (пр. компјутери, принтер и фотокопир)	1	2	3	4	5	6

Достапноста на стабилен интернет? (пр. Дали интернетот е стабилен и редовно достапен?)	1	2	3	4	5	6
Поединечните соби за домување?	1	2	3	4	5	6
Заедничките соби?	1	2	3	4	5	6
Тоалетите?	1	2	3	4	5	6
Лифтовите? (пр. Функционалност, безбедност, и сл.)	1	2	3	4	5	6
Генералната безбедност на студентите?	1	2	3	4	5	6
Достапна медицинска заштита (лекар и/или медицинска сестра?	1	2	3	4	5	6
Противпожарните апарати и цревата за вода?	1	2	3	4	5	6
Редовните вежби за однесување во случај на пожар, земјотрес, поплава и слични несреќи?	1	2	3	4	5	6
Културните активности во домот? (Пр. филмски проекции, изложби, претстави)	1	2	3	4	5	6
Достапност на спортски терени и спортски активности во домот?	1	2	3	4	5	6

5. Според Вас, кои се главните причини за состојбата во студентскиот дом што ја опишавте погоре?

Дозволени се максимум три одговори.

а) Студентскиот дом е генерално лошо/несоодветно управуван.

б) Студентскиот дом нема доволно финансиски средства за подобрување на условите за живот.

в) Политиката е вмешана во секојдневното функционирање на студентскиот дом (при избор на раководство, доделување на студентски легла, итн.).

г) Има корупција во студентскиот дом (пр. непотизам, продавање легла, манипулации со списоци).

д) Студентите се незаинтересирани и неинформирани како можат да учествуваат во одлучувањето за прашања кои ги засегаат.

ѓ) Студентите не се грижат доволно за тековното одржување и хигиената во студентскиот дом.

е) Студентите имаат ниски очекувања и се главно задоволни со состојбата во студентскиот дом.

ж) Раководството е незаинтересирано за подобрување на условите за живот во студентскиот дом.

з) Друго: _

6. Според Вас, што би требало да се направи за да се подобрат условите за живот во студентскиот дом во кој престојувате?

Дозволени се максимум три одговори.

а) Да се зголемат финансиите за реновирање на студентскиот дом и за подобрување на квалитетот на условите за живот (инфраструктура, топла вода, греење, интернет, квалитетот на храната)

б) Да се внесат нови содржини/активности во домот (пр. образовни, културни, спортски и други активности во домот)

в) Да се организираат акции за расчистување и разубавување на просторот

г) Да се даде можност за приватно-јавно партнерство и субвенционирање на приватни студентски домови/приватно сместување

д) Да им се овозможи на студентите-станари да учествуваат во донесувањето одлуки кои директно ги засегаат.

ѓ) Друго: _

Прашања за учество на студентите во носењето одлуки поврзани со квалитетот на живот во студентските домови

1. Дали до сега сте биле вклучени во процесот на носење одлуки во студентскиот дом во кој престојувате за прашања кои Ве засегаат како студенти-станари?

а) Да. (Наведете како и на која тема.) _

б) Не.

1.1 Какво беше Вашето искуство кога бевте вклучени во процесот на носење одлуки?

а) Мојот став беше земен предвид од страна на управните органи.

б) Вклучени беа сите заинтересирани студенти кои сакаа да учествуваат во процесот на носење одлуки.

в) Иако имав можност да го кажам својот став, управните органи не го земаа предвид кога носеа финална одлука.

г) Искуството беше толку позитивно што повторно би се вклучил/а во процесот на носење одлуки.

д) Друго: _

1.2 Кои се Вашите причини за невклучување во процесот на носење одлуки во студентскиот дом во кој престојувате?

а) Не ме интересира тоа.

б) Немам време за таков ангажман.

в) Не сум информиран/а и не знам како да се вклучам во одлучувањето.

г) Не верувам дека можам да сменам нешто дури и ако се вклучам во одлучувањето.

д) Вклучени се само студентите кои се блиски до раководството на домот.

ѓ) Вклучени се само студентите кои се политички подобни.

е) Вклучени се само студентите номинирани од студентскиот парламент.

ж) Друго: _

2. Доколку имате идеја за студентска активност која би сакале да се случи во рамките на студентскиот дом, дали знаете каде можете да се обратите?

а) Да. (Наведете каде/кај кого.) _

б) Не.

3. Доколку имате некаков проблем во студентскиот дом (пр. расипана чешма, скршен прозорец, недоволно храна, нарушена безбедност, итн.), дали знаете каде можете да се обратите?

а) Да. (Наведете каде/кај кого.) _

б) Не.

4. Дали знаете како се трошат парите наменети за функционирање на студентскиот дом?

а) Да. (Наведете каде се информирате.) _

б) Не.

5. Кои од следните документи ги имате прочитано?

Назив на документ	Го имам прочитано.	Го немам прочитано, но знам дека постои.	Го немам прочитано и не знам дали постои.
Правилник на студентскиот дом во кој престојувате			
Статут на студентскиот дом во кој престојувате			
Закон за студентски стандард			
Конкурс за добивање легло во дом			
Годишна програма за работа на студентскиот дом во кој престојувате			
Договор за користење на услугите на студентскиот дом во кој престојувате			
Куќен ред на студентскиот дом во кој престојувате			
Годишен извештај за работа на студентскиот дом во кој престојувате			
Финансиски извештај за работа на студентскиот дом во кој престојувате			

6. Според Вашите информации, кои од следните органи постојат во рамки на Државниот студентски дом „Скопје“ и студентскиот дом во кој престојувате?

Можни се повеќе одговори.

а) Директор на Државен студентски дом „Скопје“

б) Управител на Државен студентски дом „Скопје“

в) Управен одбор на Државен студентски дом „Скопје“

г) Надзорен одбор на Државен студентски дом „Скопје“

д) Комитет за управување на Државен студентски дом „Скопје“

ѓ) Управител на студентскиот дом во кој престојувате

е) Директор на студентскиот дом во кој престојувате

ж) Совет на станари на Државен студентски дом „Скопје“

з) Совет на станари на студентскиот дом во кој престојувате

ѕ) Студентски совет на студентскиот дом во кој престојувате

Прашања за перцепција на корупција во студентските домови

1. Дали во студентскиот дом во кој престојувате имате забележано корупција?

Корупција се дефинира како искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг (пр. материјална добивка, услуга, итн.).

а) Да

б) Не

2. Внимателно погледнете ги наведените појави и ставете Х во полето/иња кои одговараат на Вашето искуство.

Можни се повеќе одговори.

	Ми се има случено на мене.	Познавам некој кому му се случило ова.	Не сум запознаен/а со ваква појава.
Користење врски или лични познанства за добивање на студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом			
Давање пари, подароци и/или услуги на одговорните лица за добивање на студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом			
Влијание, притисоци и/или закани од страна на политички партии врз студенти-станари за добивање одредена корист			
Влијание, притисоци и/или закани од страна на членови на Советот на станари врз студенти-станари во домот за добивање одредена корист			
Предодредување и доделување на легла на припадници на политички партии			
Предодредување и доделување на легла на членови на Студентскиот парламент			
Неправилности при избор на претставници за Советот на станари во студентскиот дом			
Неправилности при аплицирање, распределување и добивање на легло и соба во студентскиот дом			

3. Внимателно погледнете ги наведените појави и ставете X во полето кое одговара на Вашиот личен став.

	Би учествувал/а во ваква постапка, ако тоа ми е неопходно.	Не би учествувал/а во ваква постапка, но не ми пречи ако други учествуваат.	Не би учествувал/а во ваква постапка и ми пречи ако други учествуваат.
Користење врски или лични познанства за добивање на студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом			
Давање пари, подароци и/или услуги на одговорните лица за добивање на студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом			
Влијание, притисоци и/или закани од страна на политички партии врз студенти-станари за добивање одредена корист			
Влијание, притисоци и/или закани од страна на членови на Советот на станари врз студенти- станари во домот за добивање одредена корист			
Предодредување и доделување на легла на припадници на политички партии			
Предодредување и доделување на легла на членови на Студентскиот парламент			
Неправилности при избор на претставници за Советот на станари во студентскиот дом			
Неправилности при аплицирање, распределување и добивање на легло и соба во студентскиот дом.			

4. Внимателно погледнете ги наведените појави и ставете X во полето кое одговара на Вашиот личен став за пријавување на коруптивни дејства кај надлежните органи за спречување корупција.

	Ако дознаам за ваква појава, би пријавил/а кај надлежните органи.	Не би пријавил/а кај надлежните органи.	Не знам како би реагирал/а ако дознаам за ваква појава.
Користење врски или лични познанства за добивање на студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом			
Давање пари, подароци и/или услуги на одговорните лица за добивање на студентско легло, привилегии и/или подобар третман во студентскиот дом			
Влијание, притисоци и/или закани од страна на политички партии врз студенти-станари за добивање одредена корист			
Влијание, притисоци и/или закани од страна на членови на Советот на станари врз студенти-станари во домот за добивање одредена корист			
Предодредување и доделување на легла на припадници на политички партии			
Предодредување и доделување на легла на членови на Студентскиот парламент			
Неправилности при избор на претставници за Советот на станари во студентскиот дом			
Неправилности при аплицирање, распределување и добивање на легло и соба во студентскиот дом			

4.1 Кои се Вашите причини за непријавување на корупција?

Можни се повеќе одговори; наменето за испитаници кои одговориле дека не би пријавиле минимум една појава.

а) Не знам каде да пријавам корупција.

б) Пријавување на корупцијата нема ништо да промени.

в) Пријавување на корупцијата ќе ја влоши ситуацијата на вклучените страни.

г) Пријавување на корупцијата би било против мојот личен интерес.

д) Пријавување на корупцијата би влијаело лошо на моето семејство.

ѓ) Ако пријавам корупција, би можел/а да го изгубам студентското легло.

е) Нема корупција во студентскиот дом во кој престојувам.

ж) Не ме засега.

з) Друго: ____

5. Дали знаете во која институција можете да пријавите корупција во студентски домови?

Наменето за испитаници кои не одговориле претходно дека не знаат каде да пријават корупција.

а) Знам: (Напишете каде) ________________________________

б) Не знам ____

6. Според Вас, што се најчестите причини за корупција во студентскиот дом во кој престојувате?

Можни се повеќе одговори.

а) Тоа е единствениот начин да се обезбеди студентско легло.

б) Тоа е единствениот начин да се обезбеди реновирана соба со подобри услови.

в) Тоа е единствениот начин да се добие подобар третман од службите во домот.

г) На тој начин побрзо се завршува процедурата за добивање на легло во домот.

д) Поради начинот на кој функционира студентскиот дом, корупцијата е неизбежна.

ѓ) Нема никакви санкции за корупција, само добивки.

е) Има ниска контрола врз службите во студентскиот дом.

ж) Студентите се тие кои на службите во студентскиот дом им нудат пари, подароци или услуги во замена за студентско легло.

з) Нема корупција во студентскиот дом во кој престојувам.

ѕ) Друго: ____

Прашања за демографски карактеристики

1. Во кој од следниве државни студентски домови престојувате?

а) „Стив Наумов“

б) „Гоце Делчев“

в) „Кузман Јосифовски-Питу“

2. Во кој дел од домот живеете (пр. блок, новореновирани згради, итн.)?

_____

3. Пол:

а) Машки

б) Женски

4. Возраст:

_____

5. Година на студии:

_____

6. Етничка припадност:

а) Македонец/ка

б) Албанец/ка

в) Турчин/ка

г) Ром/ка

д) Србин/ка

ѓ) Бошњак/чка

е) Влав/Влаинка

ж)Друго: _____

7. Место на потекло:

(Напишете го името на градот/селото).

_____

8. Колку години престојувате во студентски дом?

_____

9. Дали претходно имате живеено во приватно сместување?

а) Да (Напишете колку години) _____

б) Не

10. Дали планирате во иднина да живеете во приватно сместување?

а) Да

б) Не

в) Не знам

г) Друго: _____